Влада на Република Северна Македонија

Бр. 4401-17/4

**З А П И С Н И К**

**од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2020 година во Штип**

**Скопје, јануари 2020 година**

**З А П И С Н И К**

**од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 21 јануари 2020 година во Штип**

Седницата започна во 17:40 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки, членовите на Владата на Република Северна Македонија, д-р Рената Дескоска, министер за правда, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, Хусни Исмаили, министер за култура, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и Елизабета Наумовска, заменик на министерот за образование и наука.

На седницата присуствуваа и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, Благој Бочварски, градоначалник на Општина Штип, Драган Анастасов, градоначалник на Општина Пробиштип, Герасим Конзулов, градоначалник на Општина Радовиш, Благој Илиев, градоначалник на Општина Конче, м-р Сашо Велковски, градоначалник на Општина Свети Николе, Горанчо Крстев, градоначалник на Чешиново - Облешево, Јордан Насев, градоначалник на Општина Карбинци и Ацо Велковски, градоначалник на Општина Лозово.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, членовите на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, д-р Рашела Мизрахи, министер за труд и социјална политика, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 169-та седница на Владата, одржана на 10 декември 2019 година

- Усвојување на Записникот од 173-та седница на Владата, одржана на 28 декември 2019 година

- Усвојување на Записникот од 174-та седница на Владата, одржана на 28 декември 2019 година

1. Информација за состојбите и извршените посети во општините Штип, Пробиштип, Свети Николе, Радовиш, Конче, Чешиново-Облешево, Карбинци и Лозово

2. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2020 година, со Предлог-одлука

3. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за 2020 година, со Предлог-одлука

4. Одлука за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија" ц.о. - Скопје за 2020 година, со Предлог-одлука

5. Информација за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2019 година и на Финансиските извештаи за 2019 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2019 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2019 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука

6. Правилник за исклучоци од општите барања за здравствена заштита на животните при преработка на производи од животинско потекло во случај на ограничувања од аспект на здравјето на животните, со Предлог-одлука

7. Правилник за формата и содржината на барањето за вклучување на експерти во листата на Националната платформа, поблиските критериуми за избор и висината на надоместок за работа на учесниците во Националната платформа, со Предлог-одлука

8. Информација за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука

9. Предлог-програма за изменување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година

10. Информација за изградба на 10 баскет игралишта

11. Информација за реконструкција на градскиот фудбалски стадион во Општина Велес

12. Информација за пристапување на Република Северна Македонија кон Делумната спогодба за Младинската картичка со цел промовирање и олеснување на мобилноста на младите во Европа

13. Информација за доделување на повеќегодишна јавна набавка за изработка на софтверско решение за Водење на заштитната евиденција, презентација и дигитализација на културното наследство

14. Предлог-решение за назначување на претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на интер-ресорската работна група за подготвување на национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца)

15. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, по скратена постапка

16. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка

17. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва(*)

18. Предлог-закон изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба

19. Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година

20. Информација за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип

21. Информација за текот на активностите за изменување на Протоколот Б кон Договорот за слободна трговија меѓу ЕФТА државите и Република Македонија кој се однесува на дефинирање на концептот „производи со потекло и методи на административна соработка", измена на Договорот за земјоделски производи со Швајцарската Конфедерација, измена на Протоколот за земјоделство со Кралството Норвешка и измена на Протоколот за земјоделство со Исланд, со Нацрт-текст на Договор и Нацрт-текст на протоколи

22. Информација во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.103 Габровска Река, бр.104 Габровска Река, бр.107 Беловишка Река и бр.277 Воденешница и Барањето за пренос на удел во концесионерот Хидроинвест ДОО Скопје, со Предлог-одлука

23. Информација за одржување на Четвртата седница на Мешовитата комисија по Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија

24. Информација за потребата од спроведување постапка за јавна набавка за набавка на резервни делови, алат и железарија и градежни материјали за подружниците на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Морани, Општина Студеничани, со Предлог-одлука

26. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог-одлука

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Долно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација, КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на двосистемски 2x110 kV надземен приклучен вод за ТС 110/20 kV ,,Неокази" КО Неокази и КО Петришино, Општина Пробиштип, со Предлог-одлука

32. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поставување на линиски вод Долгаш КО Евла, Општина Центар Жупа, со Предлог-одлука

33. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сујаклари, Општина Велес, со Предлог-одлука

34. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси со придружни објекти КО Речица, Општина Куманово, со Предлог-одлука

35. Информација за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Бирлик Усеин Усеин Садикоски с.Канатларци, Прилеп, со Предлог-одлука

36. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба во катастарската општина Егри, Општина Битола

37. Предлог-одлука за еднострани раскин на Договорот за концесија на риби за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“ (бр. 02-6472/1 од 22.8.2019 година)

38. Предлог-одлука за еднострани раскин на договорот за концесија на риби за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“

39. Предлог-решение за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река

40. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ“ ДОО увоз-извоз Скопје за деловната просторија на ул.„11-ти Октомври“ бр.1 во Ресен

41. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување

42. Предлог-закон за ратификација на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка

43. Предлог-закон за ратификација на Минамата Конвенција за жива

44. Информација за објавување на Кодексот за административни службеници на веб-страниците на институциите од јавниот сектор

45. Информација за потребата од започнување на активностите за склучување на меѓународен договор меѓу Република Северна Македонија со НАТО Агенцијата за комуникации и информации

46. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан

47. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина

48. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ“ во Република Либан

49. Предлог-одлука за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централно Африканската Република

50. Предлог-одлука за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан

51. Предлог-одлука за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1722 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје

52. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за средното образование

53. Предлог-закон за установите за средно образование на верските заедници

54. Информација за изработката на Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020-2029) со Акциски план, со Предлог-план за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020-2029), со Акциски план

55. Информација за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189

56. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести-Скопје

57. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп

58. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар

59. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп

60. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево

61. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

64. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид

65. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (бр. 44-234/1)

66. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (бр. 44-232/1)

67. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (бр. 44-226/1)

68. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

69. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

70. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани

71. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.143/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 став 2 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 131/12, 23/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), поднесена од проф. д-р Ангел Ристов

72. Иницијатива доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.160/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став (5) алинеја 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019), поднесена од адвокат Дељо Кадиев од Скопје

73. Предлог-закон за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

74. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

75. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

76. Предлог-резолуција за осуда на масовните повреди на човековите права и извинување на граѓаните, поднесена од група пратеници

77. Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година

78. Годишна програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година

79. Барање за давање на автентично толкување на член 89-а став (1 ), алинеја 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018), поднесено од градоначалникот на Општина Гостивар

80. Барање за давање на автентично толкување на член 8 став 2 алинеја 2 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија број 7/2005, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ

81. Барање за давање на автентично толкување на член 3 став 1 и став 3 и член 10 став 3 од Законот за наставници и стручни соработници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019), поднесено од градоначалникот на Општина Босилово

82. Извештај за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2018 година

83. Барање за иницирање на постапка за автентично толкување на член 12 став 1 алинеја 1 од Законот за филмска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016 и 11/2018), поднесено од Јавното радиодифузно претпријатие Национална радиотелевизија-Скопје

84. Понуда од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за користење на право на првенствено купување на недвижен имот кој е во сопственост на Република Северна Македонија со Имотен лист бр.65424 за КО Волково на КП 1749

85. Понуда од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.12932 за КО Свети Николе, на КП 10290, викано место/улица „В. Влаховиќ"

86. Понуда од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8358 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион на КП бр.3748 викано место/улица „Црногорска"

87. Понуда од нотар Снежана Сарџовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.26446 за КО Кисела Вода 2 на КП бр.3875 викано место „Б. Николов"

88. Понуда од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 89175 за КО Ињево Вон гр на КП бр. 3770 викано место/улица Смолница и Имотен лист бр. 89174 за КО Ињево вон гр. на КП бр. 3771 викано место/улица „Смолница"

89. Понуда од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1470 за КО Чаир на КП бр.373 викано место „А. Турунџев"

90. Понуда од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3391 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.6265 викано место/улица „Крсто Раковски"

91. Кадровски прашања

92. Прашања и предлози

93. Конечен извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерството за економија (Сметка на основен буџет 637, Сметка на основен буџет 631 и Сметка на буџет на самофинансирачки активности 787)

94. Информација за потребата од склучување на Договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини-базалт, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на работите на изградба на Експресен пат А3 Штип-Кочани, делница Штип-Крупиште и Проектот за рехабилитација и реконструкција на Регионален пат Р1205, делница Пробиштип-Крупиште на локалитетот Ежево Брдо, Општина Карбинци

95. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево"-Битола за третото тримесечје од 2019 година, за периодот од 1 јули 2019 година до 30 септември 2019 година

96. Тримесечен извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт“ АД-Скопје, за периодот 1.7.-30.9.2019 година

97. Информација за потребата од склучување на Договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини песок и чакал, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на работите на изградба на експресен пат А3 Штип-Кочани, делница Крупиште-Кочани од км.14+300 до км. 28+057,44, на локалитетот Крупиште 2 Општина Карбинци

98. Информација во врска со Одлуката за прифаќање на понуда бр.03-3895/1 од 3.4.2019 година бр.03-3895/3 од 20.6.2019 година и 03-3895/4 од 30.9.2019 година за соинвестирање со ДГПТУ „ГОЛДЕН АРТ“ ДОО увоз-извоз Скопје и информација во врска со Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул. „Пандил Шишков“ бр.1, 3, 5 и 7 во Скопје со ДГПТУ „Голден арт“ ДОО увоз-извоз Скопје

99. Информација во врска со Одлуката за условно прифаќање на понуда бр. 03-805/1 од 23.01.2019, број 03-805/8 од 13.05.2019 година, 03-805/7 од 13.05.2019 година и бр.03-805/11 од 11.09.2019 година за соинвестирање со ДППУ Специјал градба ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и ДГПУ „Порта инженеринг груп“ ДООЕЛ Скопје со бр.02-10765/4 од 24.10.2019 година и Одлука за склучување на Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за заедничка градба/соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул. „Фрањо Клуз“ број 4,6 и 8 во Скопје бр. 02-12782/5-2 од 19.12.2019 година

100. Информација во врска со Одлуката за условно прифаќање на понуда бр. 03-804/1 од 23.01.2019 година, бр.03-804/4 од 11.02.2019 година, бр.03-804/7 од 24.04.2019 година и бр.03-804/9 од 11.09.2019 година за соинвестирање со ДППУ „Специјал градба“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и ДГПУ „Порта инженеринг груп“ ДООЕЛ Скопје, бр.02-10765/3 од 24.10.2019 година и Одлука за склучување на Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за заедничка градба/соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул. „Фрањо Клуз“ број 10,12 и 14 во Скопје бр. 02-12782/4-2 од 19.12.2019 година

101. Информација за потпишани договори помеѓу Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија и Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија од областа на безбедност на храната и ветеринарство и Министерството за здравство на Република Србија од областа на безбедност на храната, со потпишани текстови на договори

102. Барање од ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември“-Скопје за давање донација на софистицирана медицинска опрема за потребите на Центарот за воздухопловна медицина

103. Информација за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар на нелегални градби во општините Охрид, Струга и Дебрца

104. Информација за плановите за учество на Република Северна Македонија во силите на НАТО за обезбедување на источните и југоисточните граници на Алијансата - Зајакнато истурено присуство

105. Информација за текот и прогресот на постапката за доделување на договор за јавна набавка на медицинска опрема-дигитални РТГ апарати за потребите на ЈЗУ во Република Северна Македонија

106. Информација за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерство за труд и социјална политика, за периодот мај-ноември 2019 година

107. Информација за работата на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми и интеграција на Ромите 2020, за периодот мај - септември 2019 година

108. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за животната средина

109. Предлог-закон за управување со движењето на предметите во судовите, по скратена постапка

110. Информација во врска со Заклучок од 174-та седница на Владата на Република Северна Македонија бр.45-10911/1 одржана на 28.12.2019 година, во однос на задолжувањето да се изврши репрограм на доспеаните обврски кон Министерството за финансии по основ на Проектот МЕАП

111. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година

112. Информација со текст за Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација

113. Предлог-закон за Агенцијата за разузнавање

114. Предлог-закон за заштита на личните податоци

115. Предлог-одлука за пренесување на право на сопственост на објект за спорт на Општина Куманово

*

* *

Владата без забелешки ги усвои записниците од 169-та, 173-та и 174-та седница на Владата, одржани на 10 и 28 декември 2019 година.

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Во врска со информирањето за состојбите и извршените посети во општините Штип, Пробиштип, Свети Николе, Радовиш, Конче, Чешиново-Облешево, Карбинци и Лозово: Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски, ја истакна важноста од одржувањето на ваква седница бидејќи на овој начин директно ќе се добијат информациите од интерес на граѓаните од нивните општини и согласно тоа ќе може да се димензионираат идните политики и одлуки за проекти кои може да се реализираат заедно со централната власт. Од проектите што се од посебен интерес за граѓаните од Штипскиот регион ги издвои изградбата на насип на брана со придружни објекти на реката Отиње во Штип,

давањето на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на двосистемски 2x110 kV надземен приклучен вод за ТС 110/20 kV ,,Неокази" КО Неокази и КО Петришино, Општина Пробиштип, за потребите на новата фабрика во Пробиштип која ќе го зголеми бојот на вработените, завршена е изградбата на магистралниот гасоводен блок станица 5 од Неготино до Штип во должина од 36 км со што се создадоа услови за изградба на секундарна гасоводна мрежа, односно пристап до поефтин е поеколошки енергенс (гас) за граѓаните и компаниите од целиот регион и изградбите на експресните патни правци Штип - Кочани и Штип - Радовиш, кои поврзувајќи се со новиот автопат Штип - Миладиновци се од огромно значење граѓаните и компаниите во овој регион. Градоначалникот на Општина Штип, Благој Бочварски, на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата во многу проекти на Општината и ги информираше членовите на Владата за тековните проекти. Во однос на Проектот за обезбедување на чиста вода за пиење на жителите на населбата Балканска во Штип, градоначалникот истакна дека за прв пат по независноста на државата за 600 граѓани на оваа населба е решен овој проблем. По повод сообраќајниот хаос, Општина Штип како универзитетски град има потреба од постојано зголемување на бројот на паркинг места. За оваа цел во централното градско подрачје е изградена паркинг платформа со која во голем дел се надминува овој проблем. Градоначалникот на Општина Штип истакна дека со цел намалување на давачките за граѓаните во изминатата 2019 година цената на водата за пиење е намалена за 10% и истовремено се работи на приклучување на штипската филтер станица на водоводната мрежа од Хидросистемот „Злетовица", со цел добивање на чиста и здрава вода за пиење за граѓаните на Штип од овој хидросистем. Исто така, изминатиот период општината има преземено низа активности во делот на подобрувањето на условите во училиштата, спортските сали и градинките. Во делот на зголемување на енергетската ефикасност и намалување на загадувањето во Штип на три локални објекти се поставени фотоволтаици. Во Општина Штип пред неколку месеци е отворена нова детска градинка на 1600 м2 во вредност од околу 1.000.000,00 евра во кој износ Општината учествуваше со 70%, додека остатокот од средствата ги додели Министерството за локална самоуправа, со што се реши проблемот со сместувачкиот капацитет на децата во градинките. Отворена е и сензорска соба за децата со попреченост во градинката „Астибо" и Дневен центар за лица со попреченост „Порака". Од проектите што се од посебен интерес за граѓаните од Штипскиот регион градоначалникот исто така го издвои и оној за изградбата на насип на брана со придружни објекти на реката Отиње во Штип. Во однос на гасификацијата на градот за која во воведниот дел говореше и претседателот на Владата на Република Северна Македонија, градоначалникот на Општина Штип ја истакна потребата од финансиска помош на Владата за финансиските импликации кои ќе произлезат за проектирање и приклучување на индустриските капацитети и домаќинствата на гасоводната мрежа, со оглед на ограничениот буџет на Општината. Општина Штип е во финална постапка на проектирање на целосно нов фудбалски стадион на локација каде што се наоѓа постојниот, кој би имал капацитет од 6000 гледачи, со ФИФА 3 стандарди на кој би можела да настапува нашата фудбалска репрезентација Исто така, градоначалникот на Општина Штип истакна дека се работи на нов проект кој е јавно приватно партнерство за спортски рекреативен центар заедно со приватен партнер со кој ќе се подобрат условите за рекреација и живот на граѓаните. Најдена е локација на која ќе започне да се гради затворен базен за училишни потреби, преку Агенцијата за млади и спорт. Со цел решавање на сообраќајниот метеж во градот Општина Штип работи на поставување на конзоли на коритото на реката Брегалница со што ќе се зголеми протокот на возила по двете улици покрај Општината. Во делот на сообраќајот, градоначалникот на Општина Штип, Благој Бочварски истакна дека наскоро ќе се реализира еден од најважните проекти на кој работи Општината, а тоа е изградбата на мини обиколница во самиот град со нов мост на реката Брегалница. Проектот е во вредност од 1.000.000,00 евра и е целосна инвестиција на Општина Штип. Исто така, Општина Штип ќе аплицира во Министерството за транспорт и врски во делот на водоводната мрежа за обезбедување на чиста вода за пиење на уште две приградски места

(Чардаклија и Македонка) и секако надминување на проблемот со Хидросистемот „Злетовица" кој се движи во позитивна насока. Градоначалникот изрази надеж дека со засилено темпо ќе продолжи и децентрализацијата на ингеренциите од централната кон локалната власт, како најдобар можен начин за брзо, директно и ефикасно решавање на проблемите на граѓаните. Во делот на финансиската состојба на Општината, градоначалникот истакна дека Општина Штип нема финансиски долгови, односно сите доспеани фактури по разни проекти и давачки се навремено сервисирани, но исто така истакна еден проблем по однос на заостанати долгови по МЕАП програмата на јавното комунално претпријатие. Имено, Јавното комунално претпријатие од Општина Штип има ваков заостанат долг по оваа кредитна програма и истиот има поголема камата отколку главница и градоначалникот изрази надеж со помош на Министерството за финансии за што поскоро надминување на ова прашање. Во делот на изградбата на експресниот пат Штип - Радовиш, градоначалникот предупреди дека при завршените разговори со компанијата „Актива" се информирал дека со завршувањето на патот постои ризик да се отежни пристапот кон капацитетите на компанијата и согласно ова Министерството за транспорт и врски да ја разгледа можноста за поместување на трасата, изградба на надвозник, подвозник и слично. Исто така, градоначалникот на Општина Штип ги информираше членовите на Владата дека во Општината бројот на невработени лица е многу мал и дека просечната плата во истиот е некаде околу 300 евра за што како директно заслужни ги посочи мерките на Владата во делот на замрзнување на придонесите за нови вработувања. По повод прашањата на Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, градоначалникот на Општина Штип ги информираше членовите на Владата дека изградбата на крак на улица „Радански Пат" и изградба на колско пешачка патека помеѓу улиците „Широк Дол" и „Радански Пат" е завршена, додека пак во врска со поставувањето на монтажни објекти за социјално загрозени семејства во населбата „Света Недела" постапката е во тек. Министерот транспорт и врски м-р Горан Сугаревски истакна дека и покрај бројните проблеми поврзани со процесот на експропријација и недислоцирани енергетски објекти при изградбата на автопатот Штип - Миладиновци конечно беше пуштен во употреба. Во делот на експресниот пат Штип - Кочани министерот за транспорт и врски истакна дека до средината на 2020 година ќе биде завршена првата делница (Штип - Крупиште), а понатаму секако ќе се отпочне со работа и на втората делница (Крупиште - Кочани). Исто така, министерот за транспорт и врски ја спомена и изградбата на експресниот пат Штип - Радовиш каде што интензивно се работи на првата фаза додека пак втората фаза е во тендерска постапка. При изградбата на овој патен правец задолжително ќе се внимава да не се загрози пристапот кон индустриските објекти како што спомена градоначалникот на Општина Штип. Од проектите што се од посебен интерес за граѓаните од Штипскиот регион министерот за транспорт и врски го потенцираше Проектот за изградба на насип на брана со придружни објекти на реката Отиње во Штип. Министерот за економија м-р Крешник Бектеши ги информираше присутните дека националниот гасовод до Штип веќе е завршен. Моментално, Владата преку своја Комисија работи на избор на моделот за секундарна и терцијална гасификација во сите три региони во државата. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски информираше дека во завршна фаза е тендерот за новата филтер станица за вода за пиење во Штип, потпишана е Одлуката за истата намена за Општина Карбинци, а во иднина и филтер станиците за Лозово и Свети Николе, со што овие општини би се поврзале на Хидросистемот „Злетовица". Заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Мила Царовска истакна дека во делот на финансиската поддршка за инвестиции или од Планот за економски раст од третиот столб од вкупните средства се исплатени 5,1 процент (21.300.000,00 денари) за поддршка на седум компании во Општина Штип. Дополнително ги информираше членовите на Владата дека Проектот за одржлив инклузивен развој поддржан од Швајцарија има сензорна соба во Јавната детска установа за заштита на деца „Астибо" - Штип и Дневниот центар за лица со попреченост - Штип. Министерот за финансии д-р Нина Ангеловска ги

информираше членовите на Владата и градоначалникот на Општина Штип дека во однос на наплатата на приходите Општина Штип има висок процент, односно 86% од проектираното, а 85% реализација на расходната страна. Во однос на проблемот на заостанати долгови по МЕАП програмата на јавното комунално претпријатие, министерот за финансии истакна дека ќе се направи репрограмирање на долгот согласно Законот кој моментално е во собраниска процедура. Заменикот на министерот за образование и наука Елизабета Наумовска истакна дека оваа година Општина Штип од Министерството за образование и наука ќе добие финансиски средства за реконструкција на кров и фасада на ОУ „Тошо Арсов" и реконструкција на кров на СУ „Коле Нехтенин". Министерот за култура Хусни Исмаили информираше дека Министерството за култура во рамките на својата надлежност активно помага на Општина Штип. Од повеќето работи тој ги истакна следниве: вековниот верски ритуал „Четрсе" е ставен под заштита на УНЕСКО, поддршка на фестифалот МАКФЕСТ, поддршка на ареолошките наоѓалишта (особено Баргала), одржување на спомен куќи, поддршка на Музејот на ВМРО и слично. Министерот за правда, д-р Рената Дескоска во делот проблемот на заостанати долгови по МЕАП програмата на јавното комунално претпријатие накратко објасни дека Законот за отпис на камати, репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија е во собраниска процедура и се очекува наскоро да биде донесен. Градоначалникот на Општина Свети Николе Сашо Велковски се заблагодари за успешната соработка со Владата во многу области од значење за Општината и како прашања од особено значење за Општина Свети Николе посочи неколку тековни проекти. Општината има позитивен финансиски резултат, сите долгови се подмирени и прв пат Општина Свети Николе е ликвидна кон сите добавувачи. Градоначалникот истакна низа проекти кои се реализирани во Општината во доменот на патната и комуналната инфраструктура, социјална заштита, образование, култура, спорт и забава и ја потенцираше добрата соработка со сите невладини организации на локално ниво. Понатаму, информираше дека е реализиран проектот за покривање на отворен дел од градскиот пазар како и поставување на 100 тезги за продажба на земјоделски производи, проект реализиран со парични средства од Светска банка но и парични средства од Општината. Во врска со градскиот парк во Општината градоначалникот истакна дека целосно е санирана и реконструирана фонтаната која сега претставува нов симбол на градот Свети Николе. Во делот на енергетската ефикасност, Општина Свети Николе е првенец во државата, каде што се одделени командите за вклучување и исклучување на уличното осветлување од трафостаниците на ЕВН и се поставени нови ормари и на овој начин, преку смарт системот за улично осветлување се очекува во наредните три години да се исплати целокупната инвестиција што е вложена за реализација на овој проект. Градоначалникот истакна дека за потребите на Јавното комунално претпријатие, набавен е нов ровокопач и друга опрема во износ од 78.000 евра, со цел овозможување на претпријатието да работи со нова современа механизација и подобрување на работата на истото. Извршена е замена и поставување на нови водоводни линии, нови канализациони цевки во градот, како и нова патна инфраструктура. Исто така, за прв пат од постоењето на Општината во 2019 година, согласно потребите и барањата на жителите од руралните средини воведен е јавен превоз за седум села од општината кој е субвенциониран од буџетот на Општина Свети Николе. Во селата поставени се контејнери за комунален отпад и истовремено се исчистени дивите депонии што со години постоеа околу селата. Набавени се и две нови возила за оваа намена преку проект на Европската Унија. Сашо Велковски, градоначалникот на Општина Свети Николе истакна дека се вложува и во подобрување на условите за учење во основното и во средното образование. Во таа сфера реализирани се низа проекти како што е поставување на надворешна фасада во Основното училиште „Даме Груев" во село Ерџелија и комплетна замена на електричната инсталација во училиштето, нов еколошки систем за греење во подрачните училишта во село Амзибегово и Кадрифаково и е заменет стариот систем на греење со печки на дрва, во Основното училиште „Кирил и Методиј" е реализиран Проект, во соработка со УНДП за реконструкција на тоалетите во училиштето и заменет е стаклениот ѕид во училиштето, со парични средства од Владата на Република Северна Македонија, со што е подобрена

енергетската ефикасност на училиштето, заменета е електричната инсталација со нови лед светилки на спортската сала во училиштето и во Училиштето „Цар Самоил", во истото училиште, воведен е и прекувремен престој за ученици кои опслужува над 40 ученици за кои се грижи воспитувач од Детската градинка „Рахилка Гонева", а учениците користат топол оброк од градинката, во Основното училиште „Гоце Делчев" комплетно е заменета електричната инсталација на целиот кат од Училиштето и светлина од 30 до 50 лукса која се користела е заменета со современо осветлување со стандарди од 200 лукса на осветлување, во Средното општинско училиште „Кочо Рацин" на површина од 80 хектари рестартирано е производството на повеќе земјоделски култури, имајќи во предвид дека во Средното општинско училиште има земјоделска насока и на тој начин тие ќе можат да остваруваат и сопствени приходи, подобрени се условите во детската градинка „Рахилка Гонева" каде е подобрена енергетската ефикасност во клон 2, каде што е изменета кровната конструкција и заменети се прозорците и вратите во истата. Проектот е реализиран преку швајцарската Агенција за развој, УНДП, а еден дел се покриени со сопствени средства. Во поглед на социјалната заштита градоначалникот на Општина Свети Николе истакна дека за прв пат е воведена еднократна помош за самохрани родители кои имаат право на ваква помош и истата е 7.000 денари по дете. Исто така, истакна дека во тек се, голем дел на капитални проекти за подобрување на условите на живот на граѓаните на Општина Свети Николе и како таков ја спомена реконструкцијата и ревитализацијата на станицата за отпадни води од ИПА програмата за меѓугранична соработка со Грција, во износ од 9 милиони денари и нејзиното пуштање во употреба е предвидено во март оваа година. Со ова нема целосно да се реши проблемот со отпадни води во Свети Николе, но градоначалникот побара помош од Владата во наредниот период преку грантови целосно да се затвори ова прашање. Во тек е изградба на улица во село Црнилиште, во должина од 1 км, финансиран од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој како и асфалтирање на патниот правец село Пиширово натпатник до село Ерџелија, исто така финансиран од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. Во тек е изградба на велосипедска и пешачка патека Свети Николе - Кнежије, локалитет Бива Зора, кој е поделен во фази и се очекува негова реализација до март оваа година. Истиот е со вредност од 13 милиони и 300 илјади денари, финансиран од Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој. За оваа година предвидени се низа градежни активности во патната инфраструктура, водовод и канализација и детска заштита меѓу кои се започнувањето со изградба на градски базен кој ќе биде по повеќе фази и е финансиран од сопствени средства. По донесувањето на Урбанистичкиот план во село Ерџелија во комуникација со Министерството за труд и социјална политика е предвидено изградба на детска градинка, со капацитет од 50 до 60 деца, а исто така во план е реконструкција и пуштање во употреба на детска градинка во село Горобинци, со капацитет од 20 дечиња. Градоначалникот информираше и дека во тек е изградба на нов цевковод за водоснабдување со вода за пиење водоснабдителниот систем „Дивљак" (рестартираните и ревитализираните бунари) за село Горабинци во должина од околу три километри. Исто така, предвидени се низа проекти за изградба на канализации, атмосферски канализации, во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање предвидена е санација на речното корито во центарот на градот кое ќе се реализира со сопствени средства на Општината. Во 2020 година ќе биде реализиран проектот за затоплување и вентилација на Домот на културата „Крсте Петков Мисирков" во Свети Николе за кој е аплицирано преку Вардарски плански регион. За првпат во историјата на Општина Свети Николе е предвидена ставка за финансиска еднократна парична помош на жртвите на семејно насилство по иницијатива на невладиниот сектор во градот. Исто така, со помош на Министерството за транспорт и врски и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје наскоро се очекува да започне изградбата на колективна зграда за домување на социјално загрозени семејства и самохрани родители со капацитет од 48 станови. Општина Свети Николе во текот на оваа година планира набавка на противпожарно возило преку учество и соработка со Флорион

фондацијата од Велика Британија и набавка на лесно теренско возило за потребите на територијалната противпожарна единица од Свети Николе, со оглед на тоа што со пуштањето на автопатот Миладиновци - Свети Николе - Штип, противпожарните екипи се постојано на терен и се активни и на територијата на Општина Лозово на територијата на Општина Свети Николе и пошироко. Градоначалникот укажа дека ќе се вложува во изградба на Куќа на спортот, соблекувални на Градскиот стадион во Свети Николе и санација на трибините, заградување на истиот и поставување на столчиња за седење на трибините. Што се однесува до привлекувањето на домашни и странски инвестиции, градоначалникот истакна дека со пуштањето во употреба на автопатот Миладиновци - Свети Николе - Штип се интензивира интересот за изградба на стопански капацитети во Општина Свети Николе. Во Општина Свети Николе почнаа да се градат капацитети за оранжериско производство, производство на канабис од домашни и странски инвеститори, како и изградба на стопански капацитети од незагадувачка индустрија, со кои оваа година ќе се отворат и нови работни места, но и ќе се подобри и стандардот на живеење на населението од Општината. Преку Министерството за транспорт и врски во завршна фаза е тендерирањето за шест проекти, финансирани преку Европската банка за обнова и развој во износ од 308.000 евра, односно во тек е евалуација на истите. Проектите се за изградба на водоводни канализациони мрежи, изградба на фекални канализации и слично. Градоначалникот на Општина Свети Николе упати апел до членовите на Владата за отпис на долг по основ на камата, што го има Јавното комунално претпријатие кон Хидросистемот „Злетовица", за неплатен долг во износ од 3.000.000,00 денари, имајќи предвид дека Јавното комунално претпријатие „Комуналец" и Хидросистемот „Злетовица" имаат постигнато договор за плаќање на основниот долг на 48 рати во износ од 12.000.000,00 денари во идниот период. Општина Свети Николе очекува Владата да започне реализација на проект за нова филтер станица, за чиста вода за пиење за Општина Свети Николе, со која ќе се подобри квалитетот на водата за пиење во градот, но и ќе се зголеми капацитетот на самата филтер станица со изградба на дополнителен базен со чиста вода за пиење од 1000 м2. Исто така, потребна е финансиска поддршка за реализација на повеќе проекти, што се однесуваат за инвестициите во канализационите мрежи во сите населени места во општината, вклучувајќи ги Мустафино, Пеширово, Кнежје, Орел, Крушица и Сопот за кои Општината веќе има изработено техничка документација. Градоначалникот на Општина Свети Николе истакна дека е од голема важност побрзо да се заврши постапката за одобрување на новиот ГУП за Свети Николе, бидејќи сега не може да гради од причина што Општина Свети Николе нема донесено ГУП седум години. Исто така, во тек е постапка за одобрување во Министерството за транспорт и врски за ДУП - от за осум села, вклучувајќи го и село Ерџелија, при што со самото донесување ќе може да се прошири инвестицискиот циклус. Исто така, Општина Свети Николе бара од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Владата, поддршка за земјоделците во регионот во насока на решавање на проблемите со наводнување на земјоделските обработливи површини. Во текот на летниот период во овој регион има рестрикции на вода кои произлегуваат од лошата состојба на каналот за наводнување и несоодветното управување со количините на вода. Министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески во однос на постапката за одобрување на новиот ГУП за Свети Николе информираше дека интензивно се работи на тоа прашање и дека Законот за урбанистичко планирање е во собраниска постапка. По однос на дел од проектите кои моментално се реализираат или се планира да се реализираат во Општина Свети Николе, министерот укажа дека од Министерството за транспорт и врски финансиски се поддржани во износ од 350.000 евра. Многу наскоро ќе се стави камен темелник и на колективната зграда за домување на социјално загрозени семејства и самохрани родители со капацитет од 48 станови. Заменикот на министерот за образование и наука Елизабета Наумовска потенцираше дека Општина Свети Николе комплетно го има реновирано земјоделското училиште и ученичкиот дом. Градоначалникот на Општина Пробиштип, Драган Анастасов, на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата на неколку проекти на Општината и ги информираше членовите на Владата за тековните проекти. Градоначалникот истакна дека

давањето на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на двосистемски 2x110 kV надземен приклучен вод за ТС 110/20 kV ,,Неоказиʺ КО Неоказии КО Петришино, Општина Пробиштип, за потребите на новата фабрика во Пробиштип е од голема важност за нови инвестиции во Општината. Со оглед на фактот дека Општина Пробиштип е рударска средина градоначалникот изрази големо задоволство од законските решенија со кои се овозможија поголеми работнички права за рударите, како и можност стечајните работници од оваа бранша да можат да користат паричен надомест до следно вработување или пензионирање. Изминатиот период Општина Пробиштип работеше на низа проекти од областа на детската заштита, образованието, подобрувањето на условите за живот во руралните средини за кои како што истакна градоначалникот Општината најголемиот дел од средствата ги има обезбедено преку донации. Градоначалникот на Општина Пробиштип, Драган Анастасов даде осврт на финансиската кондиција на Општината и укажа дека кога стапил на функција затекнал долг околу 183.000.000,00 денари, но со помош на Владата на Република Северна Македонија во износ од 37.000.000,00 денари финансиската ситуација во Општината значително се подобри. Како еден од поважните проекти за Општината градоначалникот го издвои и проектот за изградба на новата филтер станица со цел зголемување на капацитетите на вода за пиење на Општина Пробиштип, како и обезбедување на поевтина техничка вода за индустриските капацитети. Со оваа станица Општината е приклучена кон Хидросистемот „Злетовица", а овој проект е реализиран со комбинирани финансиски средства, односно 600.000,00 евра се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, а останатите 600.000,00 евра се донација на Владата на Република Словенија. Исто така, како што претходно истакна министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а го повтори и градоначалникот на Општина Пробиштип полека се заокружува процесот на приклучување на општините Штип, Свети Николе и Лозово кон Хидросистемот „Злетовица" со што конечно ќе се добие едно економски силно јавно претпријатие (ЈП Хидросистемот „Злетовица"). Во делот на детската заштита Општина Пробиштип во изминатиот период работеше на преадаптација на простор, изградба на една нова детска градинка, како и добивање на грант од Светска банка од 27.000.000,00 денари за доградба на нови пет занимални со што конечно е решен долгогодишниот проблем со сместувачкиот капацитет на дечињата во Општината. Драган Анастасов, градоначалник на Општина Пробиштип се заблагодари на членовите на Владата за поддршката и истовремено истакна дека веќе започна постапката за преадаптација на едното крило во Здравниот дом „Нада Михајлова" Пробиштип во дом за стари лица. Имено, се работи за неискористениот дел од Здравниот дом кој наскоро треба да стане дом за стари лица со капацитет од 54 легла. Како горлив и долгогодишен проблем на Општината, градоначалникот го истакна загадувањето што го предизвикува старата јаловишна депонија на влезот од градот. Во зимскиот период кога времето е влажно и врнежливо од јаловиштето се загадува почвата, а во летниот и сув период се загадува воздухот од прашината што се крева од истото и овој процес е можно да е главен причинител за малигни заболувања во Општината. Општина Пробиштип за решавање на ова прашање има изготвено студија и проект за рекултивација за чија реализација се потребни околу 5.000.000,00 евра и веќе е во постапка на преговори со странски донатори. Сепак за надминување на ова прашање потребна е помош и соработка од Владата на Република Северна Македонија и избор на модел на рекултивација на оваа површина која изнесува 50 хектари. Имено, по рекултивацијата оваа површина може да се пренамени во технолошко - индустриска развојна зона, може да се покрие со фотоволтаици со цел зголемување на енергетската ефикасност на Општината и слично. Исто така, градоначалникот го истакна проблемот со бавната динамика со изведбата и реконструкцијата на патниот правец Пробиштип - Крупиште кој се наоѓа во многу лоша состојба. Овој патен правец е од исклучителна важност за граѓаните на Пробиштип, бидејќи го користат секојдневно патувајќи кон Штип, Кочани итн. Изведувачот премногу споро го изведува и реконструира патниот правец и градоначалникот упати апел до министерот за транспорт и врски да помогне по ова прашање. Градоначалникот на Општина Пробиштип истакна дека од

голема важност за Општината од финансиски аспект е носењето на ГУП - от којшто во Пробиштип не е променет 26 години. Парцелите во Општината се продадени и веќе нема можност за продажба на нови. Драган Анастасов, градоначалник на Општина Пробиштип, исто така изрази благодарност до Владата на Република Северна Македонија за рехабилитацијата на патниот правец Пробиштип - Злетово (преку Ратавица), во должина од 19 км која заврши пред предвидениот рок. По однос на отвореното прашање за спората рехабилитација на патниот правец Пробиштип - Крупиште Владата го задолжи министерот за транспорт и врски, во соработка со директорот на Јавното претпријатие за државни патишта најитно да ги преземат сите активности и мерки за завршување на реконструкцијата на овој патен правец. Министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески во однос на донесувањето на новиот ГУП за Општина Пробиштип, согласно барањето на градоначалникот на Општината истакна дека ќе преземе соодветни активности за решавање на тоа прашање. Градоначалникот на Општина Радовиш, Герасим Конзулов на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата на неколку проекти на Општината и ги информираше членовите на Владата за тековните проекти. Тој се осврна на поранешното работење на локалното комунално претпријатие и истакна дека истото го затекнал со долг од 77.000.000,00 денари од кои 45.000.000,00 се камати. Градоначалникот се заблагодари на Владата на Република Северна Македонија за поддршката по основ на Законот за отпис на камати, репрограмирање на долгови и трошоци на јавни претпријатија. Истовремено, градоначалникот ги информираше членовите на Владата дека во изминатиот период во Општина Радовиш со помош на Владата на Република Северна Македонија, а особено на Министерството за транспорт и врски се реализирани 23 инфраструктурни проекти од кои ги спомена следните:- изградба на експресниот пат Радовиш - Штип која е во тек, а е од огромно значење за Општина Радовиш.-9,8 км асфалтен пат од клучката на магистралниот пат Радовиш - Струмица кај село Ињево до центарот на село Подареш.-1,6 км асфалтен пат од центарот на село Злеово до клучката на магистралниот пат Радовиш - Струмица.-5,5, км асфалтен (магистрален) пат од Радовиш до Индустриската зона во околината на Радовиш.-Регулирање на речното корито во Радовиш со проект на прекугранична соработка со Република Бугарија.-Проект за воведување на енергетска ефикасност во училиште во село Ињево, исто така со прекугранична соработка со Република Грција, како и многу други проекти од областа на културата, социјалната политика и слично. Градоначалникот на Општина Радовиш, Герасим Конзулов истакна дека во овие проекти Општината има учествувано со свои финансиски средства во износ од 80.000.000,00 денари. Во 2020 година градоначалникот на Општина Радовиш, Герасим Конзулов смета да се реализираат 35 проекти од локално значење од кои седум веќе се во тек. Како капитален и значаен проект тој ја издвои изградбата на резервоар за вода со капацитет од 650 м3 како дел од водоснабдителниот систем на Општина Радовиш, како и замена на 3,5 км потисни цевководи и нови одводни водоводи со цел повисоките делови на градот да немаат проблем со водоснабдувањето, бушење на два нови длабински бунари (ќе бидат готови за два до три месеци) за обезбедување на нови 1000 м3 квалитетна и чиста вода во подножјето на планината Плачковица. Исто така, градоначалникот укажа дека во тек е реализацијата на заеднички проект со јапонската влада за намалување на поплавите што се јавуваат во горниот тек на Радовишка река и истиот се очекува да биде завршен во јуни 2022 година, со што би се надминал овој проблем. Во делот на гасификацијата градоначалникот на Општина Радовиш, Герасим Конзулов истакна дека Општината веќе има изготвена физибилити студија за 9 км секундарна гасоводна мрежа и веќе во наредните два месеци ќе може да аплицира за финансиски средства во соодветните програми на Владата за реализација на овој проект, со што би се овозможило индустрискиот дел на Радовиш да се обезбеди со гас, да се гасифицираат и институциите, спортската сала и други објекти што пак би довело до намалување на потрошувачката на огревно дрво и би се намалило загадувањето. Градоначалникот изрази благодарност до Владата за отстапување (давање на трајно користење) на два објекти на локалната самоуправа. Во делот на животната средина преземени се мерки за поставување на контејнери во селата, чистење на малите диви депонии,

распишан е тендер преку Југоисточниот плански регион за чистење на големите депонии кои треба во најкус можен рок да бидат комплетно санирани. На полето на културата минатата година во Општина Радовиш се славеше 1000 години од првите пишани документи од средниот век (времето на византискиот цар Василиј II). Исто така, на ова поле во Општината се одржаа 20 тина манифестации. Истовремено, се изработуваат проекти за санација на Библиотеката која во 2019 година е прогласена за библиотека на годината. Општината активно го поддржува и спортот каде што во ракометната прва лига Радовиш има свои претставници, а има претставници и во втората и третата ракометна лига. Градоначалникот се осврна и на вработеноста, односно невработеноста во Општината и истакна дека Радовиш, како и повеќето други општини во Република Северна Македонија има проблем со недостаток на квалификувана работна сила што е резултат на прекумерното иселување. Во март 2020 година треба да се заврши проектот за регулација на порои и речни текови во должина од 10,2 км. Изработена е техничка документација за спречување на поројни поплави во централното градско подрачје, преку изработка на атмосферска канализациона мрежа во должина од 7 км, проект кој е поделен во три фази, со вкупна вредност од 108.000.000,00 денари. Овие финансиски средства Општината не е во состојба да ги обезбеди и апелира за поддршка до Министерството за транспорт и врски. Во делот на патната инфраструктура во руралните делови од Општината, како и секаде во државата немањето на нов ГУП претставува проблем за градење. Од оваа причина Општина Радовиш во сите 17 села (десет македонски и седум турски села) кои се рурални е приморана да гради со бекатон. За оваа намена се издвоени 400.000 евра за изработка на улици со бекатон и дополнителни 10.000.000,00 денари за изградба на тротоари и други патеки. Градоначалникот на Општина Радовиш, Герасим Конзулов, како главен проблем во Општината ја истакна ситуацијата со некогашните локални индустриски гиганти кои сега се во стечај. Станува збор за Тутунскиот комбинат „Јака Табак", фармацевтската и козметичка фабрика „Јака 80", „Голдмак Радовиш", хотел „Панорама" и други. Согласно ова, Владата на Република Северна Македонија констатира дека во Општина Радовиш има конкретни проекти и со добра координација со надлежните министерства/институции, потребно е Општината да ги преземе потребните активности за нивна конечна реализација. Градоначалникот на Општина Конче, Благој Илиев на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата на неколку проекти на Општината и ги информираше членовите на Владата за тековните проекти. Како важен проект од големо значење за Општината градоначалникот ја посочи потребата од изградбата на регионалниот пат Долни Липовиќ преку Рич и понатаму на југ кон Струмичкиот, Валандовскиот и Гевгелискиот регион, во вкупна должина од 9 км. Општина Конче за оваа цел бара поддршка од Владата бидејќи и покрај ветувањата од ЈП за државни патишта проектот и техничката документација за овој патен правец сеуште не се готови, со образложение дека нема доволно финансиски средства за оваа намена. Министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески во однос на ова прашање истакна дека по подготовката на проектот би се знаело колку финансиски средства се потребни за изградбата на овој патен правец по што би се разгледала можноста за негово влегување во Програмата. Согласно ова, Владата го задолжи министерот за транспорт и врски, во соработка со ЈП за државни патишта да ги интензивира активностите во врска со надминувањето на ова прашање. Градоначалникот на Општина Карбинци, Јордан Насев, на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата во многу проекти на Општината и накратко се осврна на некои од нив. Општина Карбинци имаше наследен долг во износ од 24.000.000,00 денари и блокирана сметка повеќе од две години. Со помош на Владата на Република Северна Македонија, а посебно на Министерството за финансии, Општината стана ликвидна и во изминатите две години реализираше преку 13 инфраструктурни проекти. Избран е изведувачот на пречистителната станица за вода за пиење од Хидросистемот „Злетовица", (проект во износ од 85.000.000,00 денари), во текот на 2020 година ќе се распише и тендер за 18 км цевководи во вредност од 53.000.000,00 денари и со што отприлика 80% од населението на Општина Карбинци ќе добие здрава и чиста вода за пиење. Исто така, Општина Карбинци

изминатиот период реализираше и низа проекти во делот на зафаќање, прочистување и одведување на отпадни води, патна инфраструктура и слично. Со оглед на фактот дека Општина Карбинци е земјоделска општина, градоначалникот побара од надлежните институции да се извршат реконструкција на левиот магистрален канал од Хидросистемот „Брегалница" во должина од 10 км, со што би се овозможило наводнување на 3500 - 4000 хектари земјоделска површина. Градоначалникот на Општина Карбинци слично како и другите градоначалници од регионот го издвои проблемот со немањето на нов ГУП со што би се овозможила пренамена на земјоделско во градежно земјиште со цел добивање на одобренија за градење. Министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески упати прашање до градоначалникот за два инфраструктурни проекти во Општина Карбинци кои се во тек, а се работи за изграба на фекална канализација во село Козјак и изградба на фекална канализација во Нов Караорман, на што градоначалникот одговори дека за изградбата на фекалната канализација во Нов Караорман да се реализира треба да се направи раскин на закупот на земјоделското земјиште, истото да се пренамени во градежно земјиште и потоа да се издаде одобрение за градба. Согласно ова, Владата го задолжи министерот за транспорт и врски да ги преземе сите активности, со цел побрзо реализирање на овие два проекти. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски информираше дека во буџетот на Министерството предвидени се 50.000.000,00 денари за сервисирање на сите подружници за наводнување, вклучително и локалниот магистрален канал од Хидросистемот „Брегалница". Градоначалникот на Општина Лозово, Ацо Велковски на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата на неколку проекти на Општината и ги информираше членовите на Владата за тековните проекти. Градоначалникот најпрвин истакна дека Општината презема мерки за приклучување на домаќинствата на канализационата мрежа со надомест од само 2000 денари што придонесе 150 домаќинства веднаш да се приклучат на истата. Со поддршка на Министерството за финансии во Општината се изградени десет улици, а со поддршка на Министерството за транспорт и врски е завршена изградбата на канализациона мрежа во село Сарамзалино. Иако, Лозово е мала општина со поддршка на Министерството за животна средина и просторно планирање има подготвено два нови проекти за канализациона мрежа со пречистителни станици и за истите Општината има аплицирано во Министерството за транспорт и врски. Ако овие два проекти до крај се реализираат Општина Лозово ќе биде првата општина во државата со 99% приклученост на канализациона и водоводна мрежа. Градоначалникот истакна дека веќе се асфалтирани 11 улици, во тек е изградба на осум улици, од кои шест во Лозово, една во Дорфулија и една во Милино, а исто така, во тек е и изградбата на локалниот патен правец Каратманово - Милино во должина од 3,8 км. Во делот на црковното наследство моментално тече проектот за партерно уредување на црквата Свети Ѓорѓија (објект заштитен со закон), во износ од 500.000 евра обезбедени од Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој. Градоначалникот изрази благодарност до Министерството за финансии за новообезбедените финансиски средства во износ од 583.000 евра за инвестиции во патната инфраструктура. Градоначалникот на Лозово, Ацо Велковски упати апел до министерот за транспорт и врски за поддршка на проектот за изградба на патен правец Лозово - Ѓуземелци - Кнежје - Свети Николе во вкупна должина од околу 12 км. Овој патен правец за Општина Лозово е приоритетен и од него дел се асфалтира, дел е асфалтиран, а за останатиот дел проектите се готови и на Општината и е потребна помош од Министерството за транспорт и врски. Изминатиот период Општина Лозово успеа од сопствени средства да изгради нова општинска зграда каде што се сместени и другите локални институции, но на Општина и е потребна локална канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Агенцијата за катастар на недвижности. Реновирано е Основното училиште „Методија Мицевски Брицо", поставена е термоизолациска фасада и изготвен е проект за внатрешно уредување и за реализирање на тој проект Општината дополнително ќе аплицира за финансиски средства. Исто така, во моментот се гради мултифункционален културен дом кој треба да биде завршен до 30 март 2020 година. Наскоро ќе започне и изградбата на првата

детска градинка во Општина Лозово со што би се решил овој децениски проблем. Во делот на капиталните инвестиции Општина Лозово требаше да добие спортска сала во 2018 година, но тој проект не е реализиран и градоначалникот побара од Министерството за образование и наука образложение дали може да се очекува надминување на ова прашање. Со давањето на земјоделското земјиште од страна на Владата на Република Северна Македонија под концесија Општина Лозово почна да прибира финансиски средства во својот буџет и градоначалникот изрази надеж дека Општината конечно ќе почне самостојно да се финансира. Во Општина Лозово во тек е инвестиција (во завршна фаза) за изградба на фабрика за добиточна храна. Во завршна фаза е и изградбата на фабриката за биогас со капацитет за производство на електрична енергија од 5 мегават часови. Наскоро ќе започне и изградбата на кафилеријата (завод каде што се уништуваат мршите на убиени и пцовисани животни) за што Владата на Република Северна Македонија има обезбедено 10.500.000,00 евра. Градоначалникот на Лозово, Ацо Велковски го истакна и проблемот со сеуште неисплатените финансиски средства по основ штети од елементарни непогоди кај земјоделците (градот што ја зафати Општина Лозово во мај 2018 година) во висина од околу 3.000.000,00 евра, како и проблемот со наводнувањето на земјоделските површини во Општината од системот „Калиманци" што директно го намали приходот на земјоделците за 30%-40%. Општината се има обратено до А.Д. Водостопанство на Република Северна Македонија за обештетување на земјоделците по овој основ, но од нивна страна се имаат прогласено за ненадлежни. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски информираше дека за отворање на локална канцеларија на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство потребно е само да се створат предуслови, односно просторија и интернет конекција. За изградбата на кафилеријата се обезбедени средства од Европската Унија и Светска банка, преку проектот за модернизација на земјоделството. Во однос на проблемот со сеуште неисплатените финансиски средства по основ штети од елементарни непогоди кај земјоделците (градот што ја зафати Општина Лозово во мај 2018 година) во висина од околу 3.000.000,00 евра и проблемот со наводнувањето на земјоделските површини во Општината од системот „Калиманци" министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Трајан Димковски појасни дека тоа се комплексни проблеми, но дека ресорното министерство ќе работи на надминување на состојбата. По овој повод, Владата го задолжи министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, да направи координативен состанок со релевантните институции со цел решавање на ова прашање. Министерот за транспорт и врски, м-р Горан Сугарески му укажа на градоначалникот на Општина Лозово во најкус можен рок да ги достави готовите проекти за локални патишта до Министерството за транспорт и врски со цел нивно финансирање. Заменикот на министерот за образование и наука Елизабета Наумовска во однос на нереализираниот проект за изградба на спортска сала во Општина Лозово истакна дека во Програмата за изградба на спортски сали се предвидени вкупно 145 и за статусот на салата во Општина Лозово ќе го информира градоначалникот до крајот на јануари 2020 година. Градоначалникот на Општина Чешиново-Облешево, Горанчо Крстев, на членовите на Владата им искажа благодарност за поддршката за реализацијата во многу проекти на Општината и накратко се осврна по некои од нив. Градоначалникот со доаѓањето на функцијата ја затекнал општината со вкупен долг од 30.000.000,00 денари од кои половината по основ на кредит, половината по основ на доспеани фактури. Со помош на Министерството за финансии и добиените средства во износ од 9.000.000,00 денари Општината го врати долгот по основ на доспеани фактури и 800.000,00 денари врати во Министерството за финансии. Тој истакна дека со помош на ЈП за државни патишта рехабилитиран е патниот правец Новоселани - Тркање во должина од 12 км. Направен е водоводот од сопствен бунар во село Спанчево со кој за 800 жители е решен проблемот со водоснабдувањето. Истовремено, во тек е изградба на три канализациони мрежи во три населени места. Станува збор за село Бања, село Спанчево и село Соколарци, инвестиции во вкупен износ од 1.000.000,00 евра. Благодарение на Министерството за труд и социјална политика во Општина Чешиново - Облешево, покрај постојните две се изгради уште една нова

детска градинка со што целосно е решен овој проблем во Општината. Во соработка со Министерството за образование и наука Општината обезбеди дополнителна училница поради зголемениот број на ученици. Јавното комунално претпријатие во Чешиново - Облешево, преку кредит на Светска банка во износ од 85.000 евра набави багер за потребите на претпријатиeто, а со средства од УНДП трактор и друга механизација со што Јавното претпријатие се стави во нормална и оперативна функција. Општината претходните две години од Министерството за финансии доби 628.000 евра со кои од вкупно 14 населени место во 12 целосно се асфалтирани сите улици и патишта. Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски им се заблагодари на градоначалниците за присуството на седницата на Владата, изрази задоволство од досегашната соработка и надеж за успешна понатамошна соработка за реализирање на многу нови проекти од интерес на граѓаните. Притоа, укажа на потребата од навремена достава на потребната документација од страна на општините и подобра комуникација од страна на министерствата со цел да има добра динамика во работењето на централната и локалната власт за брзо и ефикасно решавање на проблемите на граѓаните. Истовремено, имајќи го предвид горенаведеното Владата заклучи да се задолжат ресорните министерства и институции да ја разгледаат можноста за изнаоѓање на соодветни мерки и решенија за надминување на отворените прашања изнесени во дискусијата на седницата на Владата, во врска со проектите и активностите на овие општини.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица - Пробиштип за 2020 година (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на платите на вработените во Јавното претпријатие „Службен весник на Република Северна Македонија" ц.о. - Скопје за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2019 година и на Финансиските извештаи за 2019 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2019 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2019 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2019 година, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2019 година и на Финансиските извештаи за 2019 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2019 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2019 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен

простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по Правилникот за исклучоци од општите барања за здравствена заштита на животните при преработка на производи од животинско потекло во случај на ограничувања од аспект на здравјето на животните, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за исклучоци од општите барања за здравствена заштита на животните при преработка на производи од животинско потекло во случај на ограничувања од аспект на здравјето на животните, во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за давање согласност на Правилникот за формата и содржината на барањето за вклучување на експерти во листата на Националната платформа, поблиските критериуми за избор и висината на надоместок за работа на учесниците во Националната платформа, во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на трајно користење на недвижна ствар на Државниот пазарен инспекторат, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижност сопственост на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за статистички истражувања за периодот 2018-2022 година, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за изградба на 10 баскет игралишта, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој и Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата Агенцијата за млади и спорт да подготви и до Владата да достави предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на спортски објекти за 2020 година, во насока наместо Општина Гостивар да стои Општина Дебар и соодветно на тоа да ја преработи предметната Информација.

**Точка 11**

Владата ја разгледа Информацијата за реконструкција на градскиот фудбалски стадион во Општина Велес и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во 2020 година и

наредната 2021 година на Агенцијата за млади и спорт за реконструкција на градскиот фудбалски стадион во Општина Велес, во вкупна вредност од 16.000.000,00 денари, со динамика на плаќање и тоа:

- 6.000.000,00 денари во 2020 година и
- 10.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има во предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за пристапување на Република Северна Македонија кон Делумната спогодба за Младинската картичка со цел промовирање и олеснување на мобилноста на младите во Европа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Агенцијата за млади и спорт да ја отпочнат постапката за пристапување на Република Северна Македонија кон Делумната спогодба за Младинската картичка со цел промовирање и олеснување на мобилноста на младите во Европа.

2. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт, а се укажува на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, најдоцна до март 2020 година да ја информираат Владата за текот и реализацијата на пристапувањето на Република Северна Македонија кон Делумната спогодба за Младинската картичка со цел промовирање и олеснување на мобилноста на младите во Европа.

3. Се задолжува Агенцијата за млади и спорт, во рамки на својот буџет да обезбеди финансиски средства во висина од 112.600,00 денари за годишна партиципација на Република Северна Македонија за реализација на Програмата за активности во рамки на Делумната спогодба, дополнителен развој и нови можности, вмрежување, развој на младински политики и активности кои ќе придонесат за унапредување на стандардот на младите.

**<u>Точка 13</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за доделување на повеќегодишна јавна набавка за изработка на софтверско решение за Водење на заштитната евиденција, презентација и дигитализација на културното наследство и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде согласност за преземање на обврски во програмите опфатени со развојниот дел од буџетот, за чие плаќање потребно е користење на буџетски средства во наредните 2020, 2021 и 2022 година на Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство за набавка на софтверско решение за Водење на заштитната евиденција, презентација и дигитализација на културното наследство во вкупна вредност од 9.300.000 денари со ДДВ, со динамика на плаќање и тоа:

- 500.000 денари за 2020 година,
- 4.400.000 денари за 2021 година и

- 4.400.000 денари за 2022 година.

2. Се задолжува Министерството за култура-Управа за заштита на културното наследство да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветните фискални години, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветните фискални години.

**Точка 14**

Владата го донесе Решението за назначување на претседател, заменици на претседателот, членови, заменици на членовите и секретар на интер-ресорската работна група за подготвување на национален план за реинтеграција, ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и членови на нивните семејства (жени и деца), во предложениот текст.

**Точка 15**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, по скратена постапка (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски и Садик Беќири, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Зоран Маневски, државен советник во Министерството за транспорт и врски и Раде Кецман, раководител на сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 16**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Од текстот на Предлог-законот, делот на паричниот надоместок на претседателот, заменикот на претседателот, членовите и замениците на членовите на комисиите за спроведување на јавен повик за доделување на концесии за проспекциски или детални геолошки истражувања или за експлоатација на минерални суровини, да изостане.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за минерални суровини, по скратена постапка, да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и м-р Јетон Кучи, раководител на сектор во Министерството за економија.

**Точка 17**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва (*) го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

**Точка 18**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот изменување и дополнување на Законот за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба, го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Кирил Колемишевски, заменик на министерот за економија, а за повереници Зоран Павловски, државен секретар во Министерството за економија и Билјана Додевска, државен советник во Министерството за економија.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија, пред доставувањето на Предлог-законот до Собранието, до Владата да достави извештај за Проценка на влијанието на регулативата, особено во делот на одмерување на казните, односно дали се соодветни и сразмерни на тежината на прекршокот (поповолно за деловните субјекти).

**Точка 19**

Владата го донесе најновиот текст на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

Истовремено, Владата го задолжи Секретаријатот за европски прашања да ја достави Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) во владина постапка, со цел нејзино усогласување со надлежните институции.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата за отпочнување со реализација на проектот: Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Општина Штип како инвеститор да ја обезбеди целокупната проектна документација за изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип согласно одредбите од Законот за градење и да поднесе барање до Министерството за транспорт и врски за одобрение за градење.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, по поднесеното барање од точка 1 да спроведе постапка за издавање на одобрение за градење на инвеститорот Општина Штип за изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип и по исполнување на законски предвидените услови да издаде одобрение за градење согласно одредбите од Законот за градење.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски по издавање на одобрението за градење, да отпочне постапка за реализација на проектот „Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип", согласно обезбедените средства во Буџетот на Министерството за транспорт и врски.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да склучи Меморандум за соработка со Општина Штип за реализација на проектот „Изградба на насипна брана со придружни објекти „Отиња", Општина Штип.

**<u>Точка 21</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот на активностите за изменување на Протоколот Б кон Договорот за слободна трговија меѓу ЕФТА државите и Република Македонија кој се однесува на дефинирање на концептот „производи со потекло и методи на административна соработка", измена на Договорот за земјоделски производи со Швајцарската Конфедерација, измена на Протоколот за земјоделство со Кралството Норвешка и измена на Протоколот за земјоделство со Исланд, со Нацрт-текст на Договор и Нацрт-текст на протоколи и ја усвои со следниов заклучок:

Се овластува министерот за економија, Крешник Бектеши, како ко-претседател на Мешовитиот комитет за спроведување на Договорот за слободна трговија помеѓу Република Северна Македонија и ЕФТА државите, со размена на писма да ги потпише Предлог- одлуката на ЕФТА-Северна Македонија мешовит комитет бр. 1 од 2019 и трите Предлог-измени на: Нацрт-измена на Договорот за земјоделски производи склучен со размена на писма меѓу Швајцарската Конфедерација и Република Македонија, Нацрт-измена на Протоколот за земјоделство склучен со размена на писма меѓу Исланд и Република Македонија и Нацрт-измена на Протоколот за земјоделство склучен со размена на писма меѓу Кралството Норвешка и Република Македонија.

**<u>Точка 22</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорите за концесија за малите хидроелектрани на локациите бр.103 Габровска Река, бр.104 Габровска Река, бр.107 Беловишка Река и бр.277 Воденешница и Барањето за пренос на удел во концесионерот „Хидроинвест" ДОО Скопје, со Предлог-одлука и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да ја врати банкарската гаранција за изведба на Концесионерот „Норд Енерги Гроуп" ДОО Тетово за локацијата бр.103 Габровска Река.

2. Владата како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.104 Габровска Река на концесионерот „Ани Енергетик" ДОО Тетово до 9.9.2020 година.

3. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот „Ани Енергетик" ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 2 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.104 Габровска Река.

4. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот „Ани Енергетик" ДОО Тетово да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.104 Габровска Река ќе се продолжи најмалку до 9.10.2020 година.

5. Владата како концедент, го одобри продолжувањето на рокот за започнување со комерцијална работа за локацијата бр.107 Беловишка Река на концесионерот „Супер Ноува Енерги" ДОО Тетово до 4.2.2020 година.

6. Се задолжува Министерството за економија во име на концедентот писмено да го извести концесионерот „Супер Ноува Енерги" ДОО Тетово дека се одобрува продолжување на рокот за започнување со комерцијална работа како што е наведено во точка 5 од овие заклучоци, за што ќе треба да се потпише Анекс на Договорот за концесија за вода за изградба на мали хидроелектрични централи за производство на електрична енергија за локацијата бр.107 Беловишка Река.

7. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот „Супер Ноува Енерги" ДОО Тетово да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.107 Беловишка Река ќе се продолжи најмалку до 4.3.2020 година.

8. Се задолжува Министерството за економија писмено да го извести концесионерот „Хец 277" ДОО Скопје дека за локацијата бр.277 Воденешница, согласно член 13 став 7 од Договорот за концесија му се продолжува дополнителниот рок до 7.3.2020 година, во кој е должен да ги исправи пропустите во однесувањето и да отпочне со комерцијална работа.

9. Се задолжува Министерството за економија да побара од концесионерот „Хец 277" ДОО Скопје да достави Анекс на гаранцијата за изведба со кој важноста на гаранцијата за изведба за локацијата бр.277 Воденешница ќе се продолжи најмалку до 7.4.2020 година.

10. Владата како концедент го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на согласност за пренос на уделот од содружникот „Коп - Инженеринг" ДООЕЛ Скопје на содружникот „Елтек" ДОО увоз-извоз Скопје во концесионерот „Хидроинвест" ДОО Скопје, во предложениот текст.

## <u>Точка 23</u>

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Четвртата седница на Мешовитата комисија по Договорот за економска соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Унгарија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија да подготви Предлог-акциски план за меѓусебна соработка во туризмот за периодот 2020-2021 година и до 31 јануари 2020 година да го достави до унгарската страна.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски до 31 јануари 2020 година да номинира претставник кој ќе раководи со Работната група за транспорт и врски.

3. Се препорачува на Операторот на електропреносниот систем на Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) до 31 јануари 2020 година да номинира претставник кој активно ќе учествува во работата на Работната група за енергетика.

4. Се препорачува на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони до 31 јануари 2020 година да номинира претставник кој активно ќе учествува во работата на Работната група за индустрија и претприемништво и да достави Предлог-меморандум за соработка во инвестиции до Министерството за економија, кој предлог ќе биде основ за разговори на Четвртата седница на Мешовитата комисија.

5. Се препорачува на Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот до 31 јануари 2020 година, да номинира претставник кој активно ќе учествува во работата на Работната група за индустрија и претприемништво.

6. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски систем и тековна економска политика до 31 јануари 2020 година да номинира претставник во работните групи на Мешовитата комисија.

7. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Фондот за иновации и технолошки развој и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот, а се препорачува на Операторот на електропреносниот систем на Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (МЕПСО) во најкус можен рок до Министерството за економија да достават соодветни мислења по предметниот материјал.

**Точка 24**

Владата на предлог на предлагачот ја симна од Дневниот ред Информацијата за потребата од спроведување постапка за јавна набавка за набавка на резервни делови, алат и железарија и градежни материјали за подружниците на АД Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост - Скопје.

**Точка 25**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5-хотелски комплекс КО Морани, Општина Студеничани, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 26**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објекти со намена Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Илинден вон градежен, Општина Илинден, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 27**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог-одлука.

**Точка 28**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Долно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука.

**Точка 29**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена Д3-спорт и рекреација, КО Горно Соње, Општина Сопиште, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата.

**Точка 30**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Бардовци, Општина Карпош, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на двосистемски 2x110 kV надземен приклучен вод за ТС 110/20 kV ,,Неокази" КО Неокази и КО Петришино, Општина Пробиштип, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на двосистемски 2x110 kV надземен приклучен вод за ТС 110/20 kV ,,Неокази" КО Неокази и КО Петришино, Општина Пробиштип, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за поставување на линиски вод Долгаш КО Евла, Општина Центар Жупа, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата.

**Точка 33**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичко планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Сујаклари, Општина Велес, со Предлог-одлука.

**Точка 34**

Владата на предлог на предлагачот го одложи за наредната седница разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Г3-сервиси со придружни објекти КО Речица, Општина Куманово, со Предлог-одлука.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за добивање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Индивидуалниот земјоделец Бирлик Усеин Усеин Садикоски с. Канатларци, Прилеп, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за спроведување на постапка за консолидација на земјоделско земјиште со распределба во катастарската општина Егри, Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за еднostran раскин на Договорот за концесија на риби за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро" (бр. 02-6472/1 од 22.8.2019 година), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за еднostran раскин на договорот за концесија на риби за организирање рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро", во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесија за користење на вода за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи на Црна Река, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб на Друштвото за трговија и услуги „ПРО-БЕТИНГ" ДОО увоз-извоз Скопје за деловната просторија на ул. „11-ти Октомври" бр.1 во Ресен, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување (нов текст) и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана, согласно укажувањата изнесени во мислењата на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за финансии, во соработка со Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за финансии да ги усогласи сите отворени прашања во текстот на Предлог-законот.

2. Пречистениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и спасување согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана и Аднан Џафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување.

По овој повод, Владата го задолжи генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија да подготви концепт за изготвување на нова единствена методологија за процена и утврдување на штети од елементарни непогоди, со формирање на работна група од сите засегнати институции во врска со ова прашање.

**<u>Точка 42</u>**

Владата го разгледа Предлог-законот за ратификација на Амандманот кон Монтреалскиот протокол за супстанциите што ја осиромашуваат озонската обвивка, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерство за животна средина и просторно планирање и Наташа Дескоска помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**<u>Точка 43</u>**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за ратификација на Минамата Конвенција за жива, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да го достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерство за животна средина и просторно планирање и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**<u>Точка 44</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за објавување на Кодексот за административни службеници на веб-страниците на институциите од јавниот сектор и ја усвои со следниов заклучок:

Се задолжуваат органите на државната управа, а им се укажува на институциите од јавниот сектор кои не се органи на државна управа, во рок од пет дена на своите веб-страници да го објават Кодексот за административни службеници.

**Точка 45**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од започнување на активностите за склучување на меѓународен договор меѓу Република Северна Македонија со НАТО Агенцијата за комуникации и информации и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да биде носител и да ги координира активностите за склучување на меѓународни договори (Меморандум за разбирање, Технички договори, Пакети за сервисни услуги) меѓу Република Северна Македонија со НАТО Агенцијата за комуникации и информации и да започне со истите во рок од 10 дена.

2. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Агенцијата за национална безбедност и Центарот за управување со кризи преку нивните претставници во рамките на Работната група за безбедносни прашања, одредена од Работниот комитет за НАТО, номинирана врз основа на барање од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, да се вклучат во изработка на овие договори.

3. Се задолжува Министерството за одбрана да подготви Динамичен план за спроведување на активностите за склучување на меѓународните договори (Меморандум за разбирање, Технички договори, Пакети за сервисни услуги) меѓу Република Северна Македонија со НАТО Агенцијата за комуникации и информации во рок од 10 дена.

4. Се задолжува Министерството за одбрана да достави нова информација до Владата на Република Северна Македонија со овластување на потписник на актите кои се дел од оваа информација, во рок од еден месец по полноправното членство на Република Северна Македонија во Северноатлантската алијанса.

5. Се задолжуваат Министерството за надворешни работи, Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Агенцијата за национална безбедност и Центарот за управување со кризи да достават до Министерството за одбрана детални информации за финансиските импликации што ќе ги предизвика склучувањето и спроведувањето на меѓународните договори (Меморандум за разбирање, Технички договори, Пакети за сервисни услуги), до полноправното членство на Република Северна Македонија во Северноатлантската алијанса.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка" во Исламската Република Авганистан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република

Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 47**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „АЛТЕА“ во Босна и Херцеговина, ја утврди и заклучи да ја достави до Собранието, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 48**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Организацијата на Обединетите Нации „УНИФИЛ“ во Република Либан, го утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 49**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадници на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција на Европската Унија „EUTM RCA“ во Централно Африканската Република, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 50**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Северна Македонија за учество во мировната операција „Одлучна поддршка“ во Исламската Република Авганистан, ја утврди и заклучи да се достави до Собранието на Република Северна Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменик на претседателот на Владата на Република

Северна Македонија и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2019/1722 на Советот од 14 октомври 2019 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2018/1544 за рестриктивни мерки против ширењето и употребата на хемиско оружје, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за средното образование, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата предлагачот текстот на Предлог-законот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 53**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за установите за средно образование на верските заедници, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за човечки ресурси и одржлив развој, поради потребата Министерството за образование и наука текстот на Предлог-законот да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 54**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за изработката на Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020-2029) со Акциски план, со Предлог-план за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020-2029) со Акциски план и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го донесе новиот текст на Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020-2029), со Акциски план.

2. Се задолжуваат Министерството за култура и Министерството за животна средина и просторно планирање на секои три месеци до Владата да доставуваат извештај за напредокот во реализација на мерките и активностите содржани во Акцискиот план на Планот за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот Регион (2020-2029).

**Точка 55**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189 и ја усвои со следниов заклучок:

Се задолжува Министерството за здравство на секои шест месеци да ја известува Владата за прогресот на процесот на акредитација на осумте биохемиски лаборатории по ISO 15189, се до завршување на проектот.

**Точка 56**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за очни болести-Скопје, во предложениот текст.

**Точка 57**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 58**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 59**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 60**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кичево, во предложениот текст.

**Точка 61**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 62**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга (за потребите на СОУ „Нико Нестор"- Струга), во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид (за потребите на СОСУ „Св. Кирил и Методиј" - Охрид), во предложениот текст.

**Точка 65**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје (за потребите на СУГС „Шаип Јусуф"- Скопје), во предложениот текст.

**Точка 66**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 67**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје, во предложениот текст.

**Точка 68**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 69**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 70**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од проф. д-р Ангел Ристов, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.143/19 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 18 став 2 од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр.95/12, 131/12, 23/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16) и притоа го утврди следното мислење:

Од текстот и содржината на Иницијативата произлегува дека со истата се оспорува член 18 став (2) од Законот за експропријација („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14, 104/15, 192/15, 23/16 и 178/16), бидејќи е во спротивност со Уставот на Република Северна Македонија, во кој не е пропишано дека пазарната вредност се утврдува со подзаконски акт, методологија правила и стандарди, согласно Законот за процена.

Според наводите во Иницијативата оспорената одредба е во директна спротивност со член 30 од Уставот на Република Северна Македонија, според која одредба се гарантира правото на сопственост и правото на наследување, како и во спротивност со одредбите од Законот за сопственост и други стварни права, Законот за даноците на имот, Универзалната декларација за правата на човекот на ООН и одредбите од Протоколот бр.1 кон Конвенцијата за заштита на човековите права и слободи.

Наводите во Иницијативата се неосновани од следниве причини:

Според член 18 став (1) од Законот за експропријација, за експроприраната недвижност припаѓа праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста.

Пазарната вредност на недвижноста се утврдува под услови и начин утврдени со овој закон, според методологија, правила и стандарди согласно Законот за процена (член 18 став (2) од Законот).

Правото да се бара надомест за експроприрана недвижност не застарува (член 18 став (3) од Законот).

На ваков начин утврдениот праведен надоместок е проследен низ целиот текст на Законот, што е одраз на рамноправноста на приватната, државната и општинската сопственост, загарантирана со член 2 на Законот за сопственост и други стварни права, а кој подразбира надоместок кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, која секако ја претставува вредноста на имотот која може да се постигне во слободниот промет во моментот на настанување на даночната обврска.

Пазарната вредност на недвижноста се утврдува согласно Законот за процена („Службен весник на Република Македонија" бр.115/10, 158/11, 185/11, 64/12, 188/14, 153/15, 192/15 и 30/16), кој утврдува методологија, правила и стандарди за процена од страна на овластени проценувачи.

Имено, согласно одредбите од Законот за процена, процената на пазарната вредност на предметот на процена, се врши на начин пропишан со методологија, правила и стандарди за процена кои ги вклучуваат Европските стандарди за проценување на вредноста-ТЕГОВА и Меѓународни стандарди за проценување на вредноста-ИВСЦ, како и други закони со кои се регулира проценувањето на вредноста на различни форми на сопственост и прописите донесени врз основа на нив.

Овластениот проценувач е должен по барање на нарачателот на процената, а во посебна постапка за утврдување на данок на промет, да достави извештај за процена на пазарната вредност на недвижноста и пресметка на аконтативен данок на промет, како и пополнета аконтативна даночна пријава за предметот на процена, во случај ако нарачателот на процената се определил за посебна постапка за утврдување на данок на промет согласно со Законот за даноците на имот.

Со оглед дека во Иницијативата воопшто не е аргументирано од кои причини со оспорената законска одредба се повредува член 30 став (4) од Уставот, во кој е пропишано дека во случај на експропријација на сопственоста се гарантира праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност, а која одредба е во согласност со оспорената законска одредба со која за експроприраната недвижност се предвидува праведен надомест кој не може да биде понизок од пазарната вредност на недвижноста, туку со Иницијативата се оспорува начинот и условите под кои се утврдува пазарната вредност на недвижноста која се врши на начин пропишан со методологија, правила и стандарди за процена, согласно одредбите од Законот за процена.

Поради тоа Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија Иницијативата да ја отфрли како неоснована.

**Точка 72**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.160/2019 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 35 став (5) алинеја 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019), поднесена од адвокат Дељо Кадиев од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Според наводите во Иницијативата, подносителот смета дека членот 62-а, став 5 алинеја 4 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија" бр.140/2008, 53/2011, 123/2012, 70/2013, 164/2013, 138/2014, 154/2015, 192/2015 и 39/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019) која се однесува на тоа објектот за технички преглед на возила да не бил користен од правно лице на кое му било одземено овластувањето за вршење на технички преглед на возила во последните три години, е во спротивност со член 30 ставови 1 и 3 на Уставот на Република Северна Македонија од причини што оваа законска одредба го ограничува правото на сопственост и правата кои произлегуваат од него.

Согласно изнесеното, се смета дека оспорената одредба од Законот за возила не е во спротивност со членот 30 ставови 1 и 3 од Уставот на Република Северна Македонија и дека наводите на подносителот на иницијативата не се основани од следните причини:

Во членот 64 од Законот за возила, утврдени се условите кои треба да ги исполнува правното лице за да може да добие овластување за вршење на технички преглед на возила од Министерството за внатрешни работи, согласно кој покрај останатите услови предвидено е правното лице да поседува и објект со намена-станица за технички преглед на возила.

Во членот 62-а став 5 од законот, предвидени се доказите кои треба правното лице да ги достави (заедно со барањето) до Министерството за внатрешни работи за да може да отпочне постапка за добивање на овластување за вршење на технички преглед на возила.

Во оваа смисла, се потенцира дека одредбата од членот 62-а став 5 алинеја 4 се однесува на условите кои треба да ги исполнува правниот субјект за да отпочне постапка за добивање на овластување за вршење на технички преглед на возила. Оваа одредба од законот воопшто не го ограничува правото на сопственост на објектот и правата кои произлегуваат од него, односно без разлика дали објектот бил претходно користен од правно лице на кое му било одземено овластувањето за вршење на технички преглед или не, правото на сопственост останува неприкосновено и непроменето.

Одземањето на овластувањето за вршење на технички преглед на возила согласно членот 65 став 2 од Законот за возила, покрај другото, настанува тогаш кога овластеното правно лице престанало да ги исполнува условите за вршење на работите утврдени согласно одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и ако своите работи не ги извршува во согласност со одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон. Имајќи го предвид наведеното, овластувањето за вршење на технички преглед на возила не се одзема доколку правните лица постапуваат согласно прописите од конкретната област и техничките прегледи ги вршат стручно и професионално.

Во тој контекст, условот наведен во членот 62-а став 5 алинеја 4 од Законот за возила претставува мерка со која во одреден временски период правното лице на кое му е одземено овластувањето за вршење на технички преглед на возила не може да врши ваква дејност во објектот-станица за технички преглед на возила. Оваа мерка секако дека не значи ограничување на правото на сопственост на објектот бидејќи Министерството за внатрешни

работи не врши физичко затворање на објектот, туку сопственикот на објектот може истиот и понатаму да го користи за други намени кои потпаѓаат во таа класа на намени Н-2 (на пример: услужни центри, технички служби и сл.) или да се изврши пренамена на истиот во друга класа на намена или компатибилна класа на намена (на пример: сервис на возила, сервис за вградување на плински системи и сл.).

Во делот од предметната иницијатива кој се однесува на плаќањето на годишниот данок на имот и данок на добивка, се укажува дека оваа материја е уредена со посебен закон. Доколку објектот добие друга намена согласно настанатата промена, соодветно ќе се плаќа и данок на имот, односно данок на добивка, за што нема потреба од менување на било која друга законска регулатива.

Во оваа смисла, се укажува дека согласно постојната законска регулатива не значи дека секој сопственик на објект со намена станица за технички преглед на возила, задолжително треба да добие и овластување за вршење на технички преглед на возила. Како што и претходно беше посочено, за добивање на овластување за вршење на технички преглед на возила, правното лице треба да исполнува поголем број на услови, не само од аспект на простор, туку и соодветна опрема и уреди, соодветен стручен кадар, осигурување и сл.

Имајќи го предвид горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија да не ја прифати Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија за поведување постапка за оценување на уставноста на член 35 став (5) алинеја 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за возила („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019), поднесена од адвокат Дељо Кадиев од Скопје.

**Точка 73**

Владата го разгледа Предлог-законот за субвенциониран студентски оброк, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и утврди позитивно мислење по истиот.

**Точка 74**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и укажува дека согласно член 51 од Уставот на Република Северна Македонија, законите треба да бидат усогласени со уставните одредби, односно правниот систем на државата.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не го донесе предложениот закон.

**Точка 75**

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за технолошки индустриски развојни зони, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 76**

Владата ја разгледа Предлог-резолуцијата за осуда на масовните повреди на човековите права и извинување на граѓаните, поднесена од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно Уставот на Република Северна Македонија, меѓу другите, како темелни вредности на уставниот поредок се утврдени: основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот; владеењето на правото; поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска; политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори; хуманизмот, социјалната правда и солидарноста и почитувањето на општи прифатените норми на меѓународното право.

Во продолжение на Уставот, во глава II се уредени основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Имајќи ги предвид цитираните одредби и заложбите на Владата на Република Северна Македонија кон постоење и функционирање на правна држава врз принципот на владеење на правото, нема забелешки и дава позитивно мислење и поддршка за донесување на Резолуцијата.

**Точка 77**

Владата го разгледа Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година и притоа го утврди следново мислење:

Финансискиот план е изготвен согласно член 158-њ од Законот за супервизија на осигурување, според кој Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување е должен, најдоцна до 31 декември во тековната година, да достави за усвојување до Собранието на Република Северна Македонија финансиски план за наредната година.

Со финансискиот план за 2020 година, вкупните приходи и вкупните расходи на Агенцијата за супервизија на осигурување се планирани во ист обем, односно во износ од 94.628.841,00 денари. Планираните приходи се повисоки за 7,51% во однос на планот за 2019 година, како резултат на континуираниот раст на осигурителниот пазар, бруто полисираната премија за осигурување и приходите од провизии.

Вкупните расходи се исто така повисоки за 7,51% во однос на 2019 година. Зголемувањето на расходите се должи на набавка на нов софтвер за потребите на супервизијата, зголемување на потребата од промоција на осигурителниот пазар, како и зголемување на надоместоци за трошоци на работници.

Во доставениот Финансиски план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година недостасуваат податоци за реализацијата на приходите и расходите на Агенцијата за супервизија на осигурување во 2019 година (по структура), поради што не може да се направи соодветна анализа на планираните износи на приходите и расходите за 2020 година, поради што се укажува дека е потребно истиот да се дополни со податоци за реализираните приходи и расходи за 2019 година.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија дава негативно мислење по Финансискиот план на Агенцијата за супервизија на осигурување за 2020 година.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година и притоа го утврди следното мислење:

Во согласност со членот 109 став (1) од Законот за железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" бр. 48/2010, 23/2011, 80/2012, 155/2012, 163/2013, 42/2014, 130/2014, 152/2015, 31/2016, 178/2016 и 64/2018), Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор е должна до Собранието на Република Македонија да достави годишна програма за работа и развој за наредната година. Исто така согласно став (2) од истиот член на Законот, Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор (во натамошниот текст: „Агенција") за наредната година Управниот одбор ја доставува до Собранието на Република Македонија до 30 ноември во тековната година, а Собранието на Република Македонија ја одобрува најдоцна до 31 декември истата година.

Согласно наводите во дописот, Управниот одбор на Агенцијата не можел да постапи по Предлог-годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година доставена од директорот на Агенцијата, односно да ја усвои истата и дека ќе ја достави до Собранието на Република Северна Македонија, откако Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе поведе постапка и поднесе предлог до Собранието за именување на двајца членови на Управниот одбор на Агенцијата.

Оттука, имајќи ги предвид претходно цитираните одредби се укажува дека за да би можело Собранието на Република Северна Македонија со одлука да ја одобри Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година согласно член 109 став (2) од Законот за железничкиот систем, се претпоставува претходно да биде донесена Одлука за усвојување на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година, од Управниот одбор на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор.

Годишната програма за работа и развој за 2020 година е изработена согласно член 109 став (3) од истиот закон и ги содржи елементите како: Програма за работа и развој на Агенцијата за 2020 година и Финансиски план на Агенцијата за 2020 година.

Програмата за работа и развој на Агенцијата за 2020 година е во согласност со законските обврски, како и планирањето во насока на изработка на студии, релевантни за сите заинтересирани страни. Во однос на Финансиски план на Агенцијата за 2020 година, се укажува дека е потребно да се даде образложение за:

- „Расходна ставка 413-дневници за службени патувања", се планирани 1.400.000 денари и истите се зголемени за 17% во споредба со претходната 2019 година. Се укажува на потребата да се преоцени потребата од зголемување на средствата на оваа ставка, од причина што „објаснувачките состаноци за поглавјата од правото на ЕУ за Поглавје 14. Транспортна политика и Поглавје 21: Транс -Европски мрежи со одржаа во 2019 година, а за 2020 не се предвидуваат.

- „Расходна ставка 414-Средства за опрема-Проектирање и изведба на опрема за пристап на лица со посебни потреби", да се даде објаснување како и за што ќе се реализираат овие средства, имајќи во предвид дека во предлог Годишната програма не е предвидено.

- „Расходна ставка 417-интелектуални и други услуги", се планирани 5.537.000 денари, од кои 2.437.000 денари за изработка на две студии. Се укажува дека е потребно да се преоцени потребата од изработка на предложените студии од страна на независни консултанти, имајќи во предвид дека вработените во Агенцијата, согласно закон треба овие активности на дневна основа да ги работат. Од друга страна, се предлага роковите за изработка на овие студии, доколку се изработуваат (предвидено за ноември 2020 година), како и Извештајот за задоволство на патниците од добиените услуги (предвидено за декември 2020 година) да се

скратат, односно студиите и извештајот да бидат изработени до средината на 2020 година. Имено, во врска со наведеното, се укажува дека во Годишната програма за работа и развој за 2019 година на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор во планирани расходи, расходна ставка 417-интелектуални и други услуги беше планирано со краен рок до ноември 2019 година да се изработат студиите: Студија за модел за утврдување на меѓузависноста т.е. влијанието на инвестициите вложени од страна на државата во инфраструктурата на македонски железници и таксата за пристап на квалитетот на услугите кои корисниците ги добиваат од инфраструктурата и Студија за утврдување на ефектите (влијанието) на висината на надоместокот за јавната патничка услуга (ПСО) врз квалитетот на услугите во патничкиот железнички сообраќај, како и метод за контрола преку бонус пеналти систем-истите се повторуваат и во предложениот материјал за 2020 година-значи не се реализирани.

Согласно прикажаните податоци од споредбената анализа, може да се констатира дека во 2020 година, одредени расходи се планирани на исто ниво во однос на планираното во 2019 година, а одредени расходи се планирани на повисок износ во однос на планираниот за 2019 година и тоа: инвестиционо одржување на средствата, дневници за службени патувања и патни трошоци и интелектуални и други услуги. Притоа, дадено е образложение за причините за планираното зголемување на горенаведените расходи.

Владата укажува дека е потребно планираните расходи во 2020 година (кои се планирани на повисоко ниво во однос на 2019 година) да се димензираат на реално и економично ниво со цел измирување на неопходните потреби на Агенцијата, т.е. зголемени се за околу 0,51% во однос на 2019 година.
Согласно горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија по Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за регулирање на железничкиот сектор за 2020 година дава позитивно мислење со укажување.

**Точка 79**

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 89-а став (1 ), алинеја 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018), поднесено од градоначалникот на Општина Гостивар и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 89 - а алинеја 5 од Законот за средното образование училишниот одбор на општинското средно училиште, односно средното училиште на Градот Скопје„објавува јавен оглас за именување на директор“.

Согласно член 89 од Законот за средно образование училишниот одбор на државно средно училиште „објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот“.

Видно од двата члена уредено е дека во ,,најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот“ за државните средни училишта, додека за средните општински училишта нема такви ограничувања.

Имајќи предвид дека одредбите од член 89-а став 1, алинеја 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) се прецизни и јасни, и Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 89-а став 1, алинеја 5 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) поднесено од градоначалникот на Општина Гостивар.

**Точка 80**

Владата го разгледа Барање за давање на автентично толкување на член 8 став 2 алинеја 2 од Законот за заштита на личните податоци (Службен весник на Република Македонија број 7/2005, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18), поднесено од пратеникот Иван Стоилковиќ и притоа го утврди следново мислење:

Во Барањето е наведено дека „Потребата од автентично толкување произлегува од повеќе различни толкувања на оваа одредба, како во рамки на Дирекцијата за заштита на личните податоци, така и во судската пракса, така што некои административни службеници, судии и адвокати, оваа одредба ја толкуваат на начин дека обработката воопшто не е дозволена, ненавлегувајќи во анализа на потребата, имено целите, утврдени во самата одредба (членот 8 став 2 алинеја 2 од овој Закон).“

Понатаму во Барањето е наведено дека „потребно е објаснување на целите утврдени со член 8 став 2 алинеја 2 од Законот за заштита на лични податоци „потребни заради спроведување на конкретните права и обврски на контролорот во областа на трудовото право“.

Поднесувачот на Барањето наведува дека во правниот промет постои дилема, дали, спроведувањето на конкретните права и обврски од областа на трудовото право претставува потреба од:

-испитување на валидноста на боледувањето на вработениот;
-испитување дали вработениот за време на регистрираниот лекарски преглед престојувал во местото-градот, односно, дали воопшто престојувал во државата;
-испитување на други околности и факти од важност за работодавачот, а поврзани со состојбата и/или движењето на работникот во време за кое работодавачот по закон е должен на работникот да му исплатува надоместоци од плата, а постои сомнеж дека работникот ги злоупотребува работничките права и права од здравствено и социјално осигурување;
-дали доставување на лични податоци на работникот пред надлежните државни органи и институции од страна на работодавачот, а во својство на легитимирање на свое својство и легитимирање на правен интерес за конкретното утврдување на факти и околности, имено барање податоци за работникот од надлежен орган или институција, претставува-цел утврдена согласно цитираната норма.

Во Барањето подносителот го навел и следното „Исто така, дали при евентуалното утврдување постоење прекршок од страна на надлежен државен орган или институција во смисла на непочитување на исклучоците од забраната за обработка на личните податоци во

смисла на член 8 став 2 од Законот за заштита на лични податоци, органот/институцијата прво мора да утврди, а потоа и образложи, отсуство на потребните цели утврдени во членот 8 став 2 алинеја 2 од споменатиот закон.

Во врска со наводите од Барањето, Владата на Република Северна Македонија во продолжение на овој допис го дава следното објаснување:
Одредбата од членот 8 став 2 алинеја 2 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/2014, 153/15, 99/16 и 64/18), гласи:

„По исклучок од ставот 1 на овој член, обработка на посебните категории на лични податоци може да се врши ако:
-е потребна заради спроведување на конкретните права и обврски на контролорот во областа на трудовото право, до степен и со соодветни гаранции утврдени со законите од оваа област;"

По правило, обработката на посебните категории на лични податоци согласно член 8 став 1 од Законот за заштита на личните податоци е забранета.

Но, по исклучок од цитираното правило, утврден во ставот 2 алинеја 2 од членот 8, обработката на посебните категории на лични податоци е дозволена ако е потребна заради спроведување на конкретните права и обврски на контролорот во областа на трудовото право, до степен и со соодветни гаранции утврдени со законите од оваа област.

Под „законите од оваа област" се подразбираат законите од областа на трудовото право, а „контролор на збирка на лични податоци" е физичко или правно лице, орган на државната власт или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци. Кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон или друг пропис, со истиот закон, односно пропис се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

Оттука, за да може контролорот да се повикува на оваа законска одредба како законска основа за обработка на посебните категории на лични податоци, обработката на посебните категории на лични податоци мора да биде неопходна за исполнување на неговите конкретни права и обврски во областа на трудовото право.

Овие конкретни права и обврски од областа на трудовото право мора да бидат законски пропишани и да произлегуваат од закон кој ќе му наметне обврска на работодавачот (на пример, да ги даде посебните категории на податоци за вработените на службите за социјална заштита) или пак кој ќе му даде одредени права (на пример, да побара потврда од лекар по третиот ден боледување на вработениот).

Тој закон треба да содржи и соодветни гаранции за заштита на правата на субјектите на лични податоци.

Во овој контекст важно е да се потенцира дека не е доволно правата и обврските од областа на трудовото право да произлегуваат од договорот или спогодбата за вработување.

Конкретно, со спорната одредба од членот 8 став 2 алинеја 2 од Законот за заштита на личните податоци се дозволува обработка на посебните категории на лични податоци (вклучувајќи ги и податоците кои се однесуваат на здравјето на луѓето) само кога истата е неопходна заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос (на пример, во случај кога вработениот го известува работодавецот за отсуство од работа поради

боледување и приложува потврда од лекар, се обработуваат само оние здравствени податоци кои можат да бидат релевантни за одредени ограничувања што се однесуваат на работната задача кои можат да го загрозат физичкото здравје).

Во прилог на овие тврдења е членот 44 став 1 од Законот за работните односи каде што е утврдено дека личните податоци на работниците можат да се собираат, обработуваат, употребуваат и доставуваат на трети лица само ако е тоа определено со овој или друг закон или ако е тоа потребно заради остварување на правата и обврските од работниот однос или во врска со работниот однос.

Притоа, обработката на личните податоци на субјектите на личните податоци треба да биде во согласност со начелата (вредностите) за заштита на личните податоци утврдени во член 5 од Законот за заштита на личните податоци, односно дека личните податоци се обработуваат правично и во согласност со закон, дека се собираат за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и се обработуваат на начин што е во согласност со тие цели, како и соодветни, релевантни и не преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат.

Во однос на прашањата поставени во Барањето за автентично толкување кои се однесуваат на посочената дилема која постои во правниот промет дали спроведувањето на конкретните права и обврски од областа на трудовото право претставува потреба од испитување на валидноста на боледувањето на вработениот, се укажува на одредбите од членот 20 став (7) и став (8) и членот 21 од Законот за здравствено осигурување кои го утврдуваат начинот и можноста за вршење на преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа.

Имено, согласно член 20 ставови (7) и (8), работодавачот може да формира медицинска комисија која е овластена да изврши преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа со медицински преглед на осигуреникот и проверка на документација за периодот кога надоместокот на плата ги исплатува работодавачот. Трошоците кои ќе настанат околу формирањето, работата и потребниот дополнителен медицински преглед паѓаат на товар на работодавачот.

Министерот за здравство формира комисија за контрола на работата на избраните лекари, првостепената односно второстепената лекарска комисија во областа на оцената на привремена спреченост за работа и медицинската комисија од ставот 7 на овој член, која е овластена да изврши и преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа со медицински преглед на осигуреникот и проверка на документација.

Согласно член 21 од Законот за здравствено осигурување, барањето за преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа до првостепената, односно второстепената лекарска комисија може да поднесе работодавецот, односно Фондот, во зависност од тоа кој врши исплата на надоместокот на плата.

Имено, согласно член 112 став (3) од Законот за работните односи, работодавачот исплаќа надоместок на платата и во случаите на неспособност на работникот за работа поради негова болест или повреди до 30 дена, а над 30 дена се исплаќа на товар на здравственото осигурување.

Во случај на отворање на ново боледување во рок од три дена од престанокот на претходното боледување, работодавачот има право да побара од првостепената лекарска комисија да го потврди новото боледување или да го продолжи прекратеното старо боледување.

Овие законски можности за преиспитување на оцената за привремена спреченост за работа се дадени со оглед на тоа дека злоупотребата на боледувањето согласно член 82 став (1) од Законот за работните односи претставува случај на кршење на работниот ред и дисциплина и на работните обврски за кој работодавачот го откажува договорот за вработување без отказен рок.

Оттука, може да се изведе заклучок дека контролорот има право да врши обработка на личните податоци кои се однесуваат на здравјето на неговите вработени доколку постои сомневање за злоупотреба на боледувањето со оглед на тоа дека во тој случај работодавачот го откажува договорот за вработување без отказен рок.

Но, тоа може да го врши само на начин и во постапка пропишана со закон, што значи дека задолжително мора да ги почитува чекорите што законот ги пропишува.

Врз основа на се што претходно е наведено, одредбата од членот 8 став 2 алинеја 2, треба да се толкува така што обработката на посебните категории на лични податоци е дозволена доколку е неопходна за исполнување на конкретните права и обврски во областа на трудовото право кои произлегуваат од закон кој му наметнува обврски на контролорот што тој мора да ги исполни (на пример, да ги даде посебните категории на податоци за вработените на службите за социјална заштита) или пак му дава одредени права кои тој може да ги оствари (на пример, да побара потврда од лекар по третиот ден боледување на вработениот).

Притоа овие посебни категории на лични податоци контролорот може да ги собира и обработува во согласност со начелата (вредностите) за заштита на личните податоци утврдени во член 5 од Законот за заштита на личните податоци, односно да ги обработува правично и во согласност со закон, да ги собира за конкретни, јасни и со закон утврдени цели и да ги обработува на начин што е во согласност со тие цели, како и да собира податоци кои се соодветни, релевантни и не преобемни во однос на целите заради кои се собираат и обработуваат.

Поради тоа што за правилна примена на спорната одредба е потребно познавање како на Законот за заштита на личните податоци во целина така и на другите релевантни закони од областа на трудовото право, евентуалното и наводно различно толкување на спорната одредба не е последица на нејаснотија и недореченост на законската одредба, туку на потребата оние што ја применуваат истата да го имаат потребното пошироко знаење, Владата на Република Северна Македонија смета дека нема потреба од автентично толкување на член 8 став 2 алинеја 2 од Законот за заштита на лични податоци („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/2005, 103/2008, 124/2010, 135/2011, 43/2014, 153/2015, 99/2016 и 64/2018) и бидејќи одредбите се прецизни и јасни, му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување.

## Точка 81

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 3 став 1 и став 3 и член 10 став 3 од Законот за наставници и стручни соработници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019), поднесено од градоначалникот на Општина Босилово и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта:

„(1) Наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое:

- има завршено најмалку четири години соодветно високо образование согласно со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно и средно училиште припаѓаат на VIA ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.
- има положено стручен испит по истекот на приправничкиот стаж,
- е државјанин на Република Северна Македонија,
- го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и јазикот и писмото на кој ќе ја изведува наставата.

(3) По исклучок од ставот (1) алинеја 2 на овој член, наставник во основно, односно средно училиште може да биде и лице кое нема положено стручен испит, најмногу до завршувањето на тековната учебна година и под менторство на наставник-ментор определен од училиштето."

Во член 3 став (1) се утврдени посебните услови кои наставникот треба да ги исполнува при засновање на работниот однос на одредено работно место, односно посебните критериуми при вработување во основното училиште.

Согласно ставот (3) се утврдува дека наставник во основно, односно средно училиште може да биде и лице кое нема положено стручен испит, најмногу до завршувањето на тековната учебна година и под менторство на наставник-ментор определен од училиштето.

Од наведените две одредби од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта, произлегува дека, работен однос на неопределено време за наставник, во основното и средното образование, може да се заснова само доколку лицето има положено стручен испит. Од друга страна пак, за да се положи стручниот испит, Законот предвидува лицето да мора да биде вработено, при што тоа добива статус наставник-приправник. Лицето со овој статус мора да помине приправнички стаж во траење од една година, во текот на која тоа се оспособува за самостојна воспитно-образовна, односно стручна работа преку совладување на програмата за стручен испит и под менторство на лицето може да заснова работен однос на неопределено време како наставник.

Оттука, со одредбата дека на јавниот оглас за засновање на работен однос во основно училиште може да се пријави и лице без положен стручен испит и да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година им се овозможува на лицата да стекнат една година работен стаж заради полагање на стручен испит и да стекнат услови за засновање на работен однос на неопределено време како наставник, односно стручен соработник или воспитувач.

Согласно член 10 став 3 од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта:

„(3) Кога на јавниот оглас од ставот (1) на овој член, ќе се јават повеќе кандидати, предност имаат наставниците, кои имаат повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии."

Одредбата од член 10 став 3 определува дека во случај кога на јавен оглас ќе се јават повеќе кандидати, предност ќе има кандидатот кој кумулативно ќе ги исполнува двата наведени услови, односно кандидатот потребно е да има повисок степен на соодветно високо образование и повисок успех во текот на додипломските студии, за да може да му се даде

предност на истиот во однос на другите кандидати кои конкурирале на јавниот оглас и во тој случај до директорот се доставува како предлог само тој кандидат.

Имајќи предвид дека одредбите од член 3 став (1) и став (3) и член 10 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019), се прецизни и јасни, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да не даде автентично толкување на член 3 став (1) и став (3) и член 10 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019).

**Точка 82**

Владата го разгледа Извештајот за работата на јавните обвинителства на Република Северна Македонија во 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 83**

Владата го симна од Дневен ред Барањето за иницирање на постапка за автентично толкување на член 12 став 1 алинеја 1 од Законот за филмска дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/2013, 18/2014, 44/2014, 129/2015, 152/2015, 39/2016 и 11/2018), поднесено од Јавното радиодифузно претпријатие Национална радиотелевизија Скопје, согласно доставеното Известување на Министерството за култура.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи-Зафиров од Скопје за користење на право на првенствено купување на недвижен имот кој е во сопственост на Република Северна Македонија со Имотен лист бр.65424 за КО Волково на КП 1749 и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 85**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Јадранка Коцевска од Свети Николе, за продажба на идеален дел од недвижен имот со Имотен лист бр.12932 за КО Свети Николе, на КП 10290, викано место/улица В. Влаховиќ и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 86**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Нерџиван Идризи од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.8358 за КО Ѓорче Петров 3-Дексион на КП бр.3748 викано место/улица Црногорска и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 87**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Снежана Сарџовска од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.26446 за КО Кисела Вода 2 на КП бр.3875 викано место Б. Николов и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 88**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Љупчо Јорданов од Радовиш за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 89175 за КО Ињево Вон гр на КП бр. 3770 викано место/улица Смолница и Имотен лист бр. 89174 за КО Ињево вон гр. на КП бр. 3771 викано место/улица Смолница и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 89**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Џеват Бучи од Скопје, за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1470 за КО Чаир на КП бр.373 викано место А. Турунџев и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 90**

Владата го одложи разгледувањето на Понудата од нотар Мери Весова од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.3391 за КО Ѓорче Петров 6 на КП бр.6265 викано место/улица Крсто Раковски, за наредната седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје да достави мислење по Понудата.

**Точка 91**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 92**

**1.** Владата ја донесе Одлуката за поништување на решенија за разрешување на должност вршители на должност и именување на вршители на должност директори во јавните установи - меѓуопштински центри за социјална работа, во предложениот текст.

**2.** Согласно член 21 од Законот за стратешки инвестиции, Владата има обврска да ги донесе подзаконските акти што произлегуваат од овој закон, со цел спроведување на истиот, при што заклучи:

1.) Формира работна група која што ќе ги изготви подзаконските акти што произлегуваат од Законот за стратешки инвестиции во следниот состав:

- претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија;
- претставник од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори;
- претставник од Министерството за финансии;
- претставник од Министерството за животна средина и просторно планирање;

- претставник од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- претставник од Министерството за економија;
- претставник од Министерството за транспорт и врски;
- претставник од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија и
- претставник од Кабинетот на министерот без ресор задолжен за странски инвестиции.

2.) Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кабинетот на министерот без ресор задолжен за странски инвестиции, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за економија, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии веднаш до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да номинираат претставник за работната група, која во рок од седум дена да ги подготви и до Владата да ги достави подзаконските акти.

**3.** Владата ја разгледа Информацијата за владини активности поврзани со протагонистите и филмската екипа на филмот „Медена земја" и ја усвои со следниве заклучоци:

1.) Се задолжува Министерството за труд и социјална политика во рамките на законските можности и надлежности, да ги преземе сите потребни активности со кои ќе обезбеди материјална помош и домување за Атиџе Муратова и осумчленото семејство.

2.) Се задолжува Министерството за култура да обезбеди државна награда соодветна за достигнувањето на петчлената екипа која го сними филмот.

Наградата треба да предвиди признание за успехот и месечен материјален надомест.

3.) Се задолжува директорот на Агенцијата за филм, да организира настан прес-конференција во која ќе разговара за улогата на владината агенција и фер распределбата на буџетските средства за поддршка на македонски филмови.

На прес-конференцијата да се поканат и продуцентите, односно филмската екипа.

4.) Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да организира едукативна сесија поврзана со еко-системот кој е тема на филмот.

5.) Се задолжува Министерството за култура, во соработка со Министерството образование и наука, да организира емитувања на филмот „Медена земја" за сите средни училишта во земјата, во домовите на култура, а Министерството образование и наука да ги организира училиштата во посетите и доколку е неопходно да организира превоз.

6.) Се задолжува Министерството образование и наука да препорача емитувања на филмот „Медена земја" во сите универзитети, пропратено со дискусија за едукативната содржина на филмот.

7.) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да организира бесплатно емитување на филмот за граѓаните во кината.

8.) Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да организира заедничко гледање на филмот со децата од малите групни домови и лицата од социјален ризик.

9.) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во соработка со Агенцијата за филм и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија да ги преземат патните трошоци околу патувањето на петчлената филмска екипа и протагонистката на доделувањето на оскарите.

10.) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија да ги покрие трошоците за имплементација на активносите кои имаат финансиски импликации.

11.) Се задолжуваат сите горенаведени институции да ги пријават активностите во Службата за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија и да се координираат за секоја планирана активност со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

12.) Се задолжува Службата за односи со јавност на Владата на Република Северна Македонија да продуцира комуникациски план за сите горенаведени активности.

Владата го одложи разгледувањето на Барањето финансиски средства на Дирекцијата за заштита и спасување, во врска со Заклучокот од 174-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 28 декември 2019 година, донесен по Извештајот за завршена Меѓународна мисија на Републичките сили за заштита и спасување за укажување на помош на Република Албанија, со кој 37 припадници на Републичките сили за заштита и спасување и на единицата за службени кучиња (К-9) на Министерството за внатрешни работи кои активно учествуваа во Меѓународната мисија во Република Албанија после разорниот земјотрес, треба да бидат наградени со по една просечна нето плата од средства на Дирекцијата за заштита и спасување, за наредната седница на Владата поради потребата Министерството и финансии и Дирекцијата за заштита и спасување да изнајдат парични средства за реализација на Заклучокот, со внатрешни прераспределувања на финансиски средства од буџетот на Дирекцијата за заштита и спасување.

**5.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија за периодот од 13 јануари 2020 година до 19 јануари 2020 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија.

**6.** Владата заклучи да го повлече од собраниска постапка Предлог-законот за изменување на Законот за заштита од пушењето, што Владата го достави до Собранието на Република Северна Македонија, со писмо бр.45-8812/1 од 3 декември 2019 година.

## Точка 93

Владата го разгледа Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година на Министерството за економија (Сметка на основен буџет 637, Сметка на основен буџет 631 и Сметка на буџет на самофинансирачки активности 787), како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија да пристапи кон изготвување на Акциски план со точно дефинирани активности, рокови и носители за имплементација на

дадените препораки од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2018 година (Сметка на основен буџет 637, Сметка на основен буџет 631 и Сметка на буџет на самофинансирачки активности 787), во функција на надминување на утврдените состојби, и истиот во рок од 30 дена да го достави до Владата на Република Северна Македонија и до Државниот завод за ревизија.

**Точка 94**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево"-Битола за третото тромесечје од 2019 година, за периодот од 1 јули 2019 година до 30 септември 2019 година, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата заклучи, согласно Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање да му укаже на ЈП „Стрежево"-Битола да преземе мерки и активности за надминување, односно покривање на загубата, подмирување на обврските и наплата на побарувањата кои се настанати во изминатиот период.

**Точка 95**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на Македонски железници „Транспорт" АД-Скопје, за периодот 1.7.-30.9.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 96**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини-базалт, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на работите на изградба на Експресен пат А3 Штип-Кочани, делница Штип-Крупиште и Проектот за рехабилитација и реконструкција на Регионален пат Р1205, делница Пробиштип-Крупиште на локалитетот Ежево Брдо, Општина Карбинци, како материјал за информирање.

**Точка 97**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од склучување на Договор за вршење на рударски работи и експлоатација на минерални суровини песок и чакал, помеѓу Јавното претпријатие за државни патишта и изведувачот на работите на изградба на експресен пат А3 Штип-Кочани, делница Крупиште-Кочани од км.14+300 до км. 28+057,44, на локалитетот Крупиште 2, Општина Карбинци, како материјал за информирање.

**Точка 98**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за прифаќање на понуда бр.03-3895/1 од 3.4.2019 година бр.03-3895/3 од 20.6.2019 година и 03-3895/4 од 30.9.2019 година за соинвестирање со ДГПТУ Голден арт ДОО увоз извоз Скопје и Информација во врска со Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул. „Пандил Шишков" бр.1, 3, 5 и 7 во Скопје со ДГПТУ Голден арт ДОО увоз извоз Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 99**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за условно прифаќање на понуда бр. 03-805/1 од 23.01.2019, број 03-805/8 од 13.5.2019 година, 03-805/7 од 13.5.2019 година и бр.03-805/11 од 11.9.2019 година за соинвестирање со ДППУ Специјал градба ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и ДГПУ Порта инженеринг груп ДООЕЛ Скопје со бр.02-10765/4 од 24.10.2019 година и Одлука за склучување на Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за заедничка градба/соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул. „Фрањо Клуз" број 4,6 и 8 во Скопје бр. 02-12782/5-2 од 19.12.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 100**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Одлуката за условно прифаќање на понуда бр. 03-804/1 од 23.1.2019 година, бр.03-804/4 од 11.2.2019 година, бр.03-804/7 од 24.4.2019 година и бр.03-804/9 од 11.09.2019 година за соинвестирање со ДППУ Специјал градба ДООЕЛ увоз-извоз Скопје и ДГПУ Порта инженеринг груп ДООЕЛ Скопје, бр.02-10765/3 од 24.10.2019 година и Одлука за склучување на Договор за уредување на меѓусебните права и обврски за заедничка градба/соинвестирање заради изградба на станбено - деловен објект на ул. „Фрањо Клуз" број 10,12 и 14 во Скопје бр. 02-12782/4-2 од 19.12.2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 101**

Владата ја разгледа Информацијата за потпишани договори помеѓу Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на Република Србија и Агенција за храна и ветеринарство на Република Северна Македонија од областа на безбедност на храната и ветеринарство и Министерството за здравство на Република Србија од областа на безбедност на храната, со потпишани текстови на договори, како материјал за информирање.

**Точка 102**

Владата го разгледа Барањето од ЈЗУ Градска општа болница „8-ми Септември"-Скопје за давање донација на софистицирана медицинска опрема за потребите на Центарот за воздухопловна медицина, како материјал за информирање, со следниов заклучок:

- Се препорачува на Управниот одбор на Акционерското друштво за давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ да ја разгледа можноста потребните средства за бараната донација да ги предвиди во рамки на Буџетот за 2020 година.

**Точка 103**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за изработка на инвентар на нелегални градби во општините Охрид, Струга и Дебрца, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата укажува на Агенцијата за катастар на недвижности дека истата може да постапи по претходно добиена граница на Националниот парк „Галичица" од НУ Национален парк „Галичица"-Охрид и граница на крајбрежен појас на Охридско Езеро во ширина од 50м од линијата на највисокиот утврден водостој од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Точка 104**

Владата ја разгледа Информацијата за плановите за учество на Република Северна Македонија во силите на НАТО за обезбедување на источните и југоисточните граници на Алијансата - Зајакнато истурено присуство, како материјал за информирање.

**Точка 105**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на постапката за доделување на договор за јавна набавка на медицинска опрема-дигитални РТГ апарати за потребите на ЈЗУ во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 106**

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на имплементираните проекти од Стратегијата за Роми 2014-2020 во Министерство за труд и социјална политика, за периодот мај-ноември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 107**

Владата ја разгледа Информацијата за работата на Национално координативно тело за следење на имплементацијата на Стратегијата за Роми и интеграција на Ромите 2020, за периодот мај - септември 2019 година, како материјал за информирање.

**Точка 108**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за животната средина (најнов-усогласен текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, а за повереници Ана Петровска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање и Тодор Ѓорѓовски, државен советник во Министерството за животна средина и просторно планирање.

**Точка 109**

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-законот за управување со движењето на предметите во судовите, по скратена постапка, го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и м-р Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

**Точка 110**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Заклучок од 174-та седница на Владата на Република Северна Македонија бр.45-10911/1 одржана на 28.12.2019 година, во однос на задолжувањето да се изврши репрограм на доспеаните обврски кон Министерството за финансии по основ на Проектот МЕАП, како материјал за информирање.

**Точка 111**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во предложениот текст.

**Точка 112**

Владата ја разгледа Информацијата со текст за Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за денационализација и притоа го задолжи Министерството за финансии, како овластен предлагач, да ја разгледа можноста согласно содржината на оваа информација да подготви соодветни изменувања на Законот за денационализација и притоа во рок од еден месец до Владата да достави детална информација во однос на можноста/неможноста за враќање на имотот кој бил одземен во корист на државата, а кој во моментот на одлучувањето со закон е прогласен за предмет и објект од особено културно и историско значење на баратели со обврска да се користи според неговата природа и намена согласно со целите на заштита во обем и начин утврден со закон (со број на објекти од овој тип, причини за големиот број на нерешени предмети во Министерството за финансии, фискални импликации потребни за решавање на предметите и сл.).

**Точка 113**

Владата го разгледа Предлог-законот за Агенцијата за разузнавање и условно го утврди со следните заклучоци:

1. Во однос на условите за назначување на заменикот на директорот на Агенцијата, да се намали критериумот за работно искуство на десет години, од кои седум години работно искуство во Агенцијата за разузнавање.

2. Предлагачот да ја разгледа можноста текстот на Предлог-законот да го доусогласи со укажувањата од засегнатите институции, изнесени во расправата на седницата на Владата.

3. Пречистениот текст на Предлог-законот, согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Рената Дескоска, министер за правда и Оливер Ристовски, заменик на министерот за правда, а за повереници м-р Фатон Сељами, државен секретар во Министерството за правда и Никола Прокопенко, државен советник во Министерството за правда.

Министерот за внатрешни работи, м-р Наќе Чулев, гласаше против по текстот на Предлог-законот за Агенцијата за разузнавање.

**Точка 114**

Владата го одложи разгледувањето на Предлог-законот за заштита на личните податоци, поради потребата од дополнителни усогласувања.

**Точка 115**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за пренесување на право на сопственост на објект за спорт на Општина Куманово и ја донесе Одлуката со заклучок предлагачот да го усогласи

текстот на Одлуката со Секретаријатот за законодавство и Агенцијата за катастар на недвижности.

*
*  *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:40 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**